# ЗАПИСНИК
# од 418-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

Седницата се одржа на ден: 26.10.2022, среда во 10:05 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Павлина Црвенковска**, претседател
- **м-р Селим Адеми**, заменик претседател
- **Мирјана Радевска Стефкова**, член
- **Ханиф Зендели**, член
- **Мери Радевска**, член
- **Зоран Герасимовски**, член
- **Лорета Горгиева**, член
- **Ивица Николовски**, член
- **Сашко Георгиев**, член
- **Мирсад Суроји**, член
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член
- **Весна Дамева**, член
- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд

Отсутни членови:

- **д-р Никола Тупанчевски**, министер за правда
- **м-р Миљазим Мустафа**, член

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД генерален секратар
- **м-р Вера Андрејчин**, советник
- **Ален Раденковиќ**, помлад соработник

Седницата е отворена за јавноста и на неа присуствуваа:

- Претставник од **Институт за човекови права**
- Претставник од **Коалиција сите за правично судење**

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Павлина Црвенковска.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата го изложи предлог Дневниот ред за 418-та седница, со предлог истиот да се измени на следниот начин: Точка 2 се менува и гласи: Донесување на Одлуки за престанок на функцијата судија поротник на Основен кривичен Суд Скопје и Основен суд Штип.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа по предлог измените на Дневниот ред.

Откако констатира дека никој не се јави за збор Претседателот на Советот Павлина Црвенковска Дневниот ред со предлог измените го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен следниот:

Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на:
   - Записник од 408-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 07.07.2022 година;
   - Записник од 412-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 17.08.2022 година;

2. Донесување на Одлуки за престанок на функцијата судија поротник на Основен кривичен Суд Скопје и Основен суд Штип;

3. Одлучување по поднесено барање за патни трошоци;

4. Разгледување на Извештај на Комисија за проверка на навременост на пријави и комплетност на документи по објавени огласи за избор на претседатели на Апелационен суд Штип, Основен суд Берово, Основен суд Битола, Основен суд Крушево и Основен суд Куманово;

5. Формирање на Комисии за увид и оцена на претседател на суд и Комисија за оценување на работата на кандидати за претседател на суд;

6. Формирање на Комисија за проверка на навременост на пријави и комплетност на документи по објавен оглас за избор на претседател на Апелационен суд Скопје;

7. Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија и тоа:
УПП бр. 328/22, 341/22;
УПП бр. 325/22, 340/22, 351/22;
УПП бр.15/22, 52/22, 144/22, 190/22, 208/22, 220/22, 232/22, 256/22, 260/22, 309/22, 337/22, 345/22;
УПП бр. 250/22, 287/22, 293/22, 300/22, 317/22, 332/22, 336/22, 344/22;
УПП бр. 199/22, 283/22, 304/22, 310/22, 322/22, 329/22, 338/22;
УПП бр. 319/22, 326/22, 335/22, 349/22;
УПП бр. 661/21, 137/22, 186/22, 271/22, 291/22, 311/22, 320/22, 327/22;
УПП бр.221/22, 233/22, 257/22, 313/22, 333/22, 343/22;
УПП бр. 248/22, 323/22, 334/22, 339/22.

8.Разно.

**Точка 1**

(Усвојување на:
- Записник од 408-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 07.07.2022 година;
- Записник од 412-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 17.08.2022 година)

● Претседателот на Советот Павлина Црвенковска, отвори расправа по Записник од 408-та седница на Судскиот совет на РСМ од 07.07.2022 година.

За збор се јави претседателот на Советот Павлина Црвенковска. Истакна забелешка на стр. 5 од записникот. Предложи записникот да се врати на доработка.

За збор се јави членот на Советот Весна Дамева. Истакна забелешка на стр. 5-6 од записникот.

Откако никој повеќе не се јави за збор претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека записникот се враќа на доработка.

● Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа по Записник од 412-та седница на Судскиот совет на РСМ од 17.08.2022 година.

Откако констатира дека никој не се јави за збор записникот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 8 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен без измени и дополнувања.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 1-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 2-та точка од Дневниот ред.

## Точка 2

(Донесување на Одлуки за престанок на функцијата судија поротник на Основен кривичен Суд Скопје и Основен суд Штип)

● По повод 2-та точка од Дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска му даде збор на членот на Советот Весна Дамева во својство на координатор на Основен кривичен суд Скопје да го презентира Извештајот со предлог за разрешување на судии -поротници.

Членот на Советот **Весна Дамева** извести дека претседателот на Основниот кривичен суд Скопје со допис 03 Су. бр. 446/22 од 21.10.2022 година, заведен во Судскиот совет под број 02-1854/1 од 25.10.2022 година, достави предлог до Советот, судијата поротник: Верица Цолиќ да биде разрешен од функцијата, бидејќи на ден 08.10.2022 година навршува 60 години старост, додека судиите поротници: Марија Ангелкоски и Жаклина Величковска да бидат разрешени од функцијата, по сопствено барање.

По разгледување на предлогот за разрешување, извршениот увид во Регистерот на судии поротници, изјавите на судиите поротници Марија Ангелкоски и Жаклина Величковска и одлуките на Судскиот совет бр. 02-1079/1од 19.06.2019, бр.02-829/3 од 11.06.2020 и бр. 02-971/8 од 21.07.2022 година за избор на судии поротници во Основниот кривичен суд Скопје, констатира дека Верица Цолиќ судија поротник во Основниот кривичен суд Скопје на

ден 08.10.2022 година навршува 60 години старост, па согласно чл.80 ст.1 т.5 од Законот за судовите и престанува функцијата судија поротник. Судиите поротници Марија Ангелкоски и Жаклина Величковска доставиле изјави за престанок на функцијата судија поротник од лични причини, па согласно чл.80 ст.1 ал.1 од Законот за судови на судијата поротник му престанува функцијата ако тоа сам го побара.

Од горенаведените причини предложи да се констатира дека на Верица Цолиќ, Марија Ангелкоски и Жаклина Величковска им престанува функцијата судија поротник во Основен кривичен суд Скопје.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и откако никој не се јави за збор констатира дека предлогот е усвоен и донесена е следната:

О Д Л У К А

На Верица Цолиќ, избрана за судија поротник на Основен кривичен суд Скопје со Одлука на Судскиот совет на Република Сееверна Македонија бр. 02-1079/1 од 19.06.2019 година и престанува функцијата судија поротник, поради навршени 60 години старост, на Марија Ангелкоски избрана за судија поротник на Основен кривичен суд Скопје со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.02-829/3 од 11.06.2020 година и на Жаклина Величковска избрана за судија поротник на Основен кривичен суд Скопје со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр. 02-971/8 од 21.07.2022 година им престанува функцијата судија поротник, по сопствено барање.

● По повод следната потточка од Дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска му даде збор на членот на Советот Мирсад Суроји во својство на координатор на Основен суд Штип да го презентира Извештајот со предлог за разрешување на судии поротници.

Членот на Советот Мирсад Суроји извести дека претседателот на Основниот суд Штип со допис Су. бр 3б3/22 од 17.10.2022 година, заведен во Судскиот совет под број 02-1838/1 од 21.10.2022 година, достави предлог до Советот, судијата поротник : Лилјана Ристовска да биде разрешена од функцијата, бидејќи на ден 06.11.2022 година навршува 60 години старост.

По разгледување на предлогот за разрешување, извршениот увид во Регистерот на судии поротници и одлуката на Судскиот совет бр. 02-1712/5 од 15.12.2020 година за избор на судии поротници во Основниот суд Штип, констатира дека Лилјана Ристовска судија поротник во Основниот суд Штип на ден 06.11.2022 година навршува 60 години старост, па согласно чл.80 ст.1 т.5 од Законот за судовите и престанува функцијата судија-поротник.

Од горенаведените причини предложи да се констатира дека на Лилјана Ристовска престанува функцијата судија поротник во Основен суд Штип.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и откако никој не се јави за збор констатира дека предлогот е усвоен и донесена е следната:

О Д Л У К А

На Лилјана Ристовска, избрана за судија поротник на Основен суд Штип со Одлука на Судскиот совет на Република Сееверна Македонија бр.02-1712/5 од 15.12.2020 година и престанува функцијата судија поротник, поради навршување на 60 години старост на 06.11.2022 година.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 2-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 3-та точка од Дневниот ред.

**Точка 3**

(Одлучување по поднесено барање за патни трошоци)

● По повод 3-та точка од Дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека од страна на Ристо Сотиров судија на Основен суд Битола е поднесено барање за надомест на патни трошоци, со оглед да истиот е времено упатен на вршење на судиската функција во Основен суд Крушево од 27.09.2022 година и во прилог ги доставува сите потребни документи, потврда за цена на возен билет на релација Битола-Прилеп-Крушево, Изјава за непоседување во сопственост на стан, куќа или викенд куќа од судијата или член на потесното семејство на територијата на Основен суд Крушево, заверено на нотар и фотокопија од лична карта.

Предложи барањето на судијата да се уважи.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и откако никој не се јави за збор констатира дека предлогот е усвоен и донесено е следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на РИСТО СОТИРОВ, судија на Основен суд Битола за надомест на трошоци СЕ УВАЖУВА.

На РИСТО СОТИРОВ, судија на Основен суд Битола му се СЕ УТВРДУВА

- право на надомест на трошоци за превоз како судија којшто живее во една, а работи во друга општина, за периодот од 27.09.2022 година, па во иднина се додека судијата ја извршува судиската функција во Основен суд Крушево, во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, на релација Битола-Прилеп-Крушево и обратно.

*Се констатира дека членот на Советот Миљазим Мустафа е присутен на седницата.*

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 3-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 4-та точка од Дневниот ред.

**Точка 4**

(Разгледување на Извештај на Комисија за проверка на навременост на пријави и комплетност на документи по објавени огласи за избор на претседатели на Апелационен суд Штип, Основен суд Берово, Основен суд Битола, Основен суд Крушево и Основен суд Куманово)

● По повод 4-та точка од Дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска му даде збор на членот на Советот Лорета Горгиева во својство на известител да го презентира Извештајот на Комисијата за проверка на навременост и комплетност на документи по огласи на Судски совет на РСМ објавени во Службен весник на РСМ бр. 118/22 и бр.160/22.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека Комисијата во состав Лорета Горгиева, претседател и членовите, Селим Адеми и Ханиф Зендели постапувајќи по овластувањата кои се имаат како Комисија, на ден 22.09.2022 година одржа седница на која се проверени комплетноста и навременоста на доставената документација по огласите објавени во Сл. Весник на РСМ бр. 118/22 и бр. 160/22. Се што утврди комисијата записнички го констатира.

Укажа дека како претседател на Комисија нема дилема во ниту еден дел и во дел на констатција на утврдување на навременост и комплетност на документите, а истото стои во Записникот, а врз основа на записникот и изготвениот Извештај.

Посочи дека единствено нешто во што се разидуваат е во делот на толкувањето за лекарските уверенија. Темата е предмет на дискусија и на колегиуми и треба да е предмет на дискусија и треба да се утврди точно фактичка состојба и за во иднина на кој начин ќе се постапува во оценка на тој вид на докази. Во ниеден друг дел нема разидување во тоа што е утврдено.

Додаде дека во делот на недостатокот на Акционен план прилог кон Програмата на некој од претседателите, бидејќи е апсолвирано прашање по кое мнозинството, не едногласно, е прифатено дека доколку Акционен план не е приложен кон Програмите дека ќе се прифати дека документацијата во тој дел е некомплетна и нема да се земат како такви за понатамошна проверка предметните некомплетни документи.

Дополни дека тоа што е утврдено врз основа на Записникот е изготвен и Извештај кој е доставен до Советот и е даден на увид на сите членови. За судовите каде е констатирано дека нема пријавено кандидати тоа е констатирано и дадено е предлог известување до Советот да се донесе одлука за објава на нов оглас. За изборот по оглас на претседатели на одредени судови каде е констатирана некомплетност на документацијата исто така е даден предлог и известување до Советот да на седница донесе одлука за објавување на нов оглас.

Прецизира дека сака да ги корегира колегите, бидејќи е истакнато дека се отфрлени кандидатурите или пријавите со документите. Не се работи за отфрлање, туку како што стои во самиот оглас секоја некомплетна документација понатаму не се зема на разгледување и нема потреба од произнесување. Отфрлање е сосема различен институт од не земање во предвид.

Потенцира дека во делот на колегите судии кои се јавени како кандидати за претседатели каде ги исполнуваат условите како што е прифатено од Комисијата, по однос на кандидатите доставено е

известување до Советот со цел да продолжи постапката во поглед на формирање на Комисија за нивно оценување и да се утврди дали треба да полагаат компјутерски тест и псохолошки тест и тест за интегритет.

Образложи дека на еден од колегиумите е посочено дека во делот за избор на кандидат за Основен суд Битола кај еден еден од кандидатите не е наведено во Записникот зошто не е прифатен дополнителен допис. Комисијата се нема произнесено зошто не е прифатен дополнителен поднесок насловен како Акционен план, бидејќи Комисијата не смета за потребно да го внесе, а истиот дополнителен допис насловен како Акционен план прилог кон Програмата стои наведено како документ во Записникот, меѓутоа не е произнесено прво и основно затоа што е доставен после рокот, а во секој случај самиот допис иако е насловен како Акционен план внатре нема никаков Акционен план, содржински воопшто не ни одговара и од тие причини не е најдено за потребно дека треба да се произнесува за нешто што е доставено како документ надвор од рокот.

Објасни дека можеби е ред да се заземе став во делот на лекарските уверенија или тоа да се расчисти на колегиум, па наредно да се стави на седница. Во прилог на ставот и тврдењето дека кога законот за секое вработување, па и во конкретниот случај за избор на претседател бара лекарска потврда со која се докажува работоспособноста и дека не е доволно лекарско уверение издадено од матичен лекар или од лекар по општа медицина тука изискува и бара точно определно лекарско уверение издадено од специјалист по медицина на труд. Тоа е во склад на ЗРО. Остава на сите да одлучат и да се знае за во иднина да нема разидување како ќе се постапува. Како што е заземен став за Акцискиот план. Во правец на излагање на Извештајот корисно е да се заземе став и да се знае на што се, бидејќи нови огласи ќе следуваат и не е во ред да се некоординирани и да се неусогласени во делот на документите кои се бараат од конкретните кандидати.

Појасни дека тоа што како легислатива е најдено е од 1995 година, во Службен весник бр. 19, објавен е Правилник за содржината и начинот на лекарскиот преглед за утврдување на општата здравствена способност, содржината и начинот на издавањето и важењето на лекарското уверение. Во чл. 2 е наведено дека лекарски прегледи заради утврдување на општа здравствена способност ги вршат здравствени организации од примарна здравствена заштита кои вршат дејност медицина на труд. Во чл. 11 е наведено дека постапка за издавање лекарски уверенија се поведува по барање на лице кое бара утврдување

негова општа здравствена способност заради вработување. Во прилог на правилникот е даден и образец.

Предочи дека во се друго се останува на тоа што е дадено како констатација во предметниот Записник и во Извештајот.

Во продолжение, претседателот на Советот Павлина Црвенковска предлогот да се објави оглас за избор на претседател претседател на Основен суд Берово на го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 13 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесена е следната:

О Д Л У К А

ДА СЕ ОБЈАВИ ОГЛАС ЗА:

- За избор на претседател на Основен суд Берово.

Следно, претседателот на Советот Павлина Црвенковска предлогот да се објави оглас за избор на претседател на Основен суд Крушево на го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 13 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесена е следната:

О Д Л У К А

ДА СЕ ОБЈАВИ ОГЛАС ЗА:

- За избор на претседател на на Основен суд Крушево.

● По повод следната потточка од Дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека по огласот за избор на претседател на Основен суд Куманово објавен во Службен весник на РСМ бр.118/22 од 23.05.2022 година Комисијата утврди дека се пријавени двајца кандидати со навремена и комплетна документација: Снежана Манев, судија на Основен суд Куманово и Јусуф Ајрулахи, судија на Апелациониот суд Скопје.

Комисијата предлага Советот да донесе одлука со која постапката за избор на претседател на Основен суд Куманово да продолжи за двајцата кандидати.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека Судскиот совет има законска обврска да донесе подзаконски акт. Имено, чл. 45 ст. 3 од Законот за судовите вели дека потребните видови на здравствени прегледи, формата и содржината на психолошкиот тест и тестот за интегритет, нивото на практична работа со компјутери, како и рокот на важност на соодветните потврди, ги уредува Судскиот совет со подзаконски акт. Предложи постапката за избор на претседател на Основен суд Куманово да продолжи за сите кандидати меѓу кој е и колегата Јусуф Ајрулахи кој поднел комплетна документација со поднесена лекарска потврда која е валидна, затоа што Судскиот совет до ден денеска нема донесено подзаконски акт каде на јасен начин прецизно ќе се утврди за каква потврда и која надлежна здравствена институција би ја издавала.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека подзаконските акти и процедури се носат во согласност со законот, а законската одредба е јасна и нема намера како член на Судскиот совет да учествува во донесување на заклучок со кој ќе се регулира или прецизира одредена законска норма, ниту пак е спорно. Укажа дека Законот за судови, чл. 45 ст. 1 ал. 3 посочува дека општата здравствена состојба се докажува со лекарска потврда. Нагласи дека не е познато зошто има дилеми и зошто би постоело било што поинакво од тоа што законот го кажува. Додаде дека законската одредба е јасна и покрај отсуство на подзаконски акти.

За збор се јави членот на Советот **Беса Адеми** и најпрво на новите членови на Судскиот совет, на судијата Мирјана Радевска Стефкова, судијата Зоран Герасимовски и судијата Ивица Николовски им посака успешна работа и истакна дека се надева на добра соработка со Врховниот суд.

Изрази дилема дали има подзаконски акт со којшто е формирана Комисијата, бидејќи се доведува под прашање и легитимитетот на целата Комисија која се впушта да ги оценува пријавите на кандидатите. Укажа дека Законот е сосема јасен, чл. 45 ст. 1 ал. 3 вели да е работоспособен и да има општа здравствена способност што се докажува со лекарска потврда и ништо повеќе од тоа. Посочи дека кандидатот, судијата Јусуф Ајрулахи има целосно комплетна документација.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека по однос на лекарската потврда, бидејќи законот не

дефинира точно од кого да биде, во конкретниот случај и конкретниот оглас не треба да стане збор дали се комплетни или некомплетни пријавите на кандидатите во однос на документот - лекарска потврда. Укажа дека поради обврска на Судскиот совет со измените и дополнувањата на Законот за Судскиот совет, Советот мора да донесе подзаонски акти со кои во однос на конкретното прашање ќе се регулираат потребните видови на здравствени прегледи и во тој случај мора да се дефинира точно во огласот што се бара од кандидатите. Посочи дека не може да се претпоставува што сака Судскиот совет кога се чита Законот и според Законот се доставува документи прилози кон пријавата. Нагласи дека не гледа никаков проблем околу комплетноста на пријавите на кандидатите кои доставуваат лекарска потврда за општа здравствена способност.

За збор се јави членот на Советот **Зоран Герасимовски** и наведе дека
нема дилеми, документацијата е во ред, затоа што општа здравстена состојба - лекар по општа медицина. Истакна дека самиот збор кажува. Доколку лекарите по општа медицина би утврдиле нешто абнормално, би препратиле на дополнителни испитувања.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека нема дилема дека во конкретниот случај станува збор за општа здравствена состојба која се прибавува од лекар по општа медицина.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека не случајно е начната дискусијата во делот на некомплетноста на документите во делот на лекарското уверение. Укажа дека како што се дискусиите за ставот на Советот дали недостатокот на Акционен план ќе се смета за недостаток кој значи некомплетност на документите и понатаму кандидатот не е подобен да продолжи со опсервација дали ги исполнува другите услови, односно дали е комплетен во делот на останатите документи, Предложи да се стави нејзината констатација, нејзиниот став, за во иднина да нема проблем, доколку мнозинството прифати, да во иднина секое лекарско уверение од општ лекар се прифати како такво и да не се доаѓа повторно во иста ситуација да се губи време на дискусии и елаборација за истата работа.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека на одржаниот колегиум истакнал дека ќе даде оставка од функцијата, не од заменик претседател на Советот, туку член на Судскиот совет, ако на досегашните избори сите избрани судии имаат лекарско уверение од трудова медицина. Укажа дека се дадени напатствија на стручната служба да изврши проверка во судиските досиеја и до моментот од десетина проверени во ниту едно не е пронајдено лекарско уверение издадено од трудова медицина. Посочи дали тоа значи дека Советот досега работел спротивно и треба да се донесе заклучок со кој ќе се оспорат изборите на досегашните судии.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе да не се мешаат работите и да не се поистоветуваат Акцискиот план којшто со закон е задолжителна обврска да е доставен од страна на кандидатот за претседател и лекарско уверение од кого е издадено каде законот не дава конкретно од кого само вели лекарско уверение за општа здравствена состојба. Укажа дека не може да се изедначува. По однос дали да се стави на гласање или не, посочи уште еднаш на одредбата од чл. 47 ст. 6 од Закон за судови каде што стои дека Судскиот совет утврдува навременост и комплетност на пријавите по објавен оглас, а не Комисијата. Значи секако мора да се гласа дали пријавата е комплетна или не. А не да се става предлогот на членот на Комисијата на гласање. Нагласи да се разграничи, затоа што законот така кажува. Напомена дека во тој дел нема дилема, секако Судскиот совет ќе ја донесе одлуката.

Додаде дека одлуката за навременост на пријавите и потполност на пријавите ја носи одредбата од чл. 47 ст. 6 од Закон за судови, каде кажува дека Судскиот совет на седница и во рок од 10 дена по утврдување дека нема навремени или комплетни пријави по конкретниот оглас се распишува нов оглас со одлука на седницата на која е констатирано дека ги нема таквите пријави.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека е дискутабилно прашањето дали за една лекарска потврда треба на седница со ставови да се одлучува. Укажа дека прашањето ќе се регулира со подзаконски акти, со кој акт точно ќе се наведе во иднина апликантите каква лекарска потврда ќе треба да достават. Нагласи дека со ставови конкретното прашање не се решава, затоа што е дадена законска обврска и не може за секој оглас, за секоја апликација да се одлучува со ставови. Напомена дека тоа ќе се реши со подзаконски акт.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека е против предлогот на членот на Советот Лорета Горгиева да се стави на гласање, од причина што со самото донесување од страна на Судскиот совет се зазема став за одредена ситуација која е во согласност со законот. Укажа Судскиот совет да не се доведува во ситуација со разно разни заклучоци да се толкува законот, односно автентично толкување на законски одредби да се врши со заклучок. Нагласи дека никогаш не е доцна да се донесе подзаконски акт, меѓутоа и тој сигурно не може да биде надвор од законската одредба.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и наведе дека од дискусиите на повеќето членови на Советот може да се заклучи еднаквиот став, а тоа е читање на чл. 45 во однос на лекарската потврда, којашто треба да се примени онака како што е предвидено во законот. Укажа дека го прифаќа предлогот да се донесе подзаконски акт со којшто ќе се регулира во однос на здравствените прегледи, но додека не се регулира за Судскиот совет постои обврската да се провери дали кандидатот има лекарска потврда за општа здравствена способност, а неспорно е од кажаното дека од кандидатите е поднесено и исто така е неспорно дека Комисијата предлага во однос на кандидатите за Основен суд Куманово, бидејќи ги исполнуваат условите постапката да продолжи и тоа е предмет кој треба да се изгласа. Никакво гласање за поединечни ставови на членови, туку дали се согласуваат со предлогот постапката за двајцата кандидати да продолжи.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека психолошкиот тест и тестот за интегритет е регулиран 2015 година. 2014 година е регулирано какви здравствени прегледи треба да имаат кандидатите. Укажа ако се прифаќа за психолошкиот тест без никаква измена примена на правилникот после донесување на новиот закон, зошто не би се прифатил правилникот за видот на здравствените прегледи. Меѓутоа, и во тој правилник не стои дека треба да биде уверение од медицина на трудот и не е познато зошто се прави проблем кога законот е јасен, Судскиот совет треба да донесе одлука, а не Комисијата. Посочи да се донесе одлука дали ќе се продолжи постапката и да се формира Комисија.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека процедурално има предлог за гласање. Истакна да се нотира на записник дека е одбиен предлогот да се стави на гласање.

За збор се јави претседателот на Советот **Павлина Црвенковска** и наведе дека се одбива предлогот да се стави на гласање дали во документите што секој кандидат ги приложува за избор на претседател треба да стои лекарска потврда издадена од лекар од општа медицина или треба да стои лекарска потврда од специјалист по медицина на трудот.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот на Комисијата го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 13 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесена е следната:

ОДЛУКА

Постапката за избор на претседател на Основен суд Куманово да продолжи за кандидатите: Снежана Манев, судија на Основен суд Куманово и Јусуф Ајрулахи, судија на Апелациониот суд Скопје.

● По повод следната потточка од Дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека по огласот за избор на претседател на Апелационен суд Штип објавен во Службен весник на РСМ бр.160/22 од 15.07.2022 година, Комисијата утврди дека единствениот пријавен кандидат е со неуредна и некомплетна документација .

Комисијата предлага Советот, согласно на членот 47 став 6 од Законот за судовите да донесе одлука за објава на нов оглас за избор на претседател на Апелационен суд Штип.

Во продолжение претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека видно од записникот Комисијата смета дека не е комплетна пријавата, бидејќи кандидатот за Апелационен суд Штип, судијата Кирче Донев не доставил лекарско уверение издадено од лекар на медицина на трудот. Укажа дека и тука е идентична ситуацијата, двајце членови се „за“, еден „против“, што значи дека тој дел не е спорен, бидејќи се мнозинство. Посочи дека по однос на вториот

доказ каде Комисијата констатира дека кандидатот не доставил потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност за дело поврзано со вршење на правна професија или за друго кривично дело за кое е предвидена казна затвор од најмалку 6 месеци, Истакна дека ставот на Комисијата во тој дел е неприфатлив, бидејќи доколку на судија или било кој вработен му е изречена пресуда која станала правосилна, без оглед дали е прекршочна или кривична, судијата кој ја донел одлуката по службена должност до работодавачот доставува таков доказ. Нагласи да не се заборави, се работи за судија во второстепен суд којшто конкурира за претседател и убедена е дека не може да му е изречена, бидејќи во спротивен случај тоа би го дознал и Судскиот совет. Напомена дека ставот кој го има и на седницата од 17.05.2022 година, а го има и мнозинството каде се прифатени речиси сите пријави кој се „спорни", односно недостасуваат документи, ставот на Судскиот совет е да се врши увид во досието и тие документи што ги има во досието да се прифатат. Меѓутоа мнозинството од Судскиот совет прифаќа и одредени документи, како што е потврда за познавање на англиски јазик ако го нема во досието да се смета дека истото е доставено во моментот кога кандидатот е избран за судија. Додаде дека ставот изграден пред 5 месеци, којшто е во согласност со законот треба да се почитува и во моментот и да не се доведува во ситуација поради претеран формализам којшто и Стразбруг не го одобрува да се отфрла пријава на судија во повисок суд, бидејќи со тоа се потврдува дека не сме сигурни конкретно за посочениот доказ дека не е изречена забарана за вршење на професија, дејност или должност. Дополни дека ставот е дециден и на тековната седница го потврдува исто како и на претходната и прифатливо е да се продолжи понатаму со изборот т.е. да продолжи постапката.

За збор се јави членот на Советот **Зоран Герасимовски** и наведе дека прво, во конкретниот случај се работи за еминентен судија на Апелационен суд Штип. Второ, доколку е изречена санкција во вршење на правната професија прв би бил Судскиот совет да дознае. Трето и крајно, се има во предвид одредбата од чл. 45 ст. 1 ал. 7 од Законот за судови, но како граѓански судија со стаж од 17 години, и да недостасува потврдата тоа претставува повреда од релативен карактер, а не од апсолутен карактер за да се отфрли кандидатурата на кандидатот. Укажа дека кандидатот додека работи како судија во понизок суд и во Апелационен суд ја поседува потврдата што може лесно да се провери и подоцна

истата е доставена до Советот, а доколку навистина би постоела забрана Судскиот совет би дознал прв. Нагласи да не се биде формалист за една повреда од релативен карактер и на кандидатот да му се отфрли пријавата во целост.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека Комисијата доста обрнува внимание на формални работи, без да се впушта во суштинските работи и да се посвети на обврската да дефицитот во судството се пополни и поажурно се надмине. Укажа дека во конкретниот случај се работи за судија на Апелационен суд којшто има остварено резултати во долгогодишното работење и преферира да е претседател. Посочи дека повредата којашто ја утврдува Комисијата е од релативен, не од апсолутен карактер и секогаш се докажува нешто што е спорно. Станува збор за ноторен факт дека апликантот нема ниту изречено казна, ниту било какви одлуки со кои е забрането правото на избор. Во спротивно, Судскиот совет нема да има можност да расправа за апликантот, бидејќи ќе треба да се разреши. Нагласи дека прашањето е регулирано во 3 члена од Законот за судовите, чл. 73 ст. 3 каде што органот кој би донел таква одлука со која на колегата би го забранил правото да е биран, да учествува во избор одамна таквата одлука Судскиот совет би ја имал, или претседателот на органот кој го донел, судот кој го донел или претседателот каде што сега колегата е судија ќе извести. Исто така прашањето е регулирано во чл. 75, доколку има било каква дисциплинска повреда исто Судскиот совет би бил навремено известен и би расправал. Исто така прашањето е регулирано во чл. 76.

Прецизира дека констатираната повреда од страна на Комисијата е од релативен карактер и не е пречка да продолжи постапката за апликантот.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека се што е констатирано е ставено во Записник, а на основа на тоа е изготвен Извештај. Укажа дека детален опис за секоја констатација има во Записникот. Нагласи дека мора да го изрази своето жалење од гледна точка како судија за дискусиите и употребата на терминологија која не е соодветна, од типот на релативни повреди, лични квалификации и дискусиите во правец спротивен од тоа што е важно, а тоа е дали во моментот конкретниот кандидат кој е пријавен на огласот за избор за претседател доставил уредна и навремена документација на која е задолжен со закон. Напомена дека личните желби и ставови не даваат за право да се дерогираат законските одредби или

елаборирање за претходни избори во насока да законските одредби и тоа што се бара и не се од облигаторен карактер и може и не мора да се достават. Ако се чита законот, да се чита како што треба и да се остане на нивото кое треба да се држи како членови на највисокото тело одговорно за работата на судството. Ако нема согласност за тоа што е дадено од Комисијата подоблесно е да се гласа спротивно на предложеното и да се воздржи од дискусии. Дополни дека жали за дискусијата од типот дека Комисијата во оценка на формата ја губи суштината. Согласно документите со кои располага Судскиот совет прифатено е во делот на претходни избори за тоа што е во личното досие на судиите, во дел на уверение за положен правосуден испит, уверение за завршен факултет е прифатено, меѓутоа не може да се прифати дека се располага со податоци од казнена евиденција. Недолично и непримерно е како член на Судскиот совет...

За збор се јави членот на Советот **Зоран Герасимовски** и наведе дека со оглед на фактот дека е повикан по однос на апсолутна и релативна повреда, појасни за тоа кој чита закони и како чита закони се гледа кој до каде стигнал. Нагласи дека по однос на поведување на постапка за кандидатура како што во конкретниот случај има конкретниот колега тоа е постапка која ја води Комисијата. При секоја постапка, и судска постапка и конкретната постапка постојат повреди, апсолутна и релативна повреда. Постои и во конкретниот случај и стои позади тоа со целиот свој дигнитет. Повторно појасни дека се работи за повреда од релативен карактер т.е. од релативно формален карактер, а не апсолутен карактер за да е отфрлена пријавата. Укажа дека сите читаат закони и се применуваат онака како што се напишани, а се напишани од некој друг.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека за да го заштити личниот интегритет се пријавува за реплика. Замоли во иднина да не се обраќа било кој од колегите со лични навреди како недолично и непримерно се однесува со своите ставови итн. Укажа дека иако лично името не и е споменато тоа е основ за поднесување на тужба за навреда и клевета, а од дискусиите се препознаваат. Го замоли и претседателот на Советот и било кој член, во конкретниот случај членот на Советот Лорета Горгиева да не се „игра“ со ставовите искажани на седница. Драго е што јавноста е присутна, што следи и се гледа кој со каков интегритет е, а основна заложба на Судскиот совет е да се зачува личниот интегритет и интегритетот на колективното тело.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека е драго е за присуство на јавноста.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека точно во законот го пишува како услов, но условот е претпоставена состојба и додека не се докаже спротивното тоа е на сила. Укажа дека се разговара за кандидатура каде кандидатот ги доставил сите документи, но не доставил потврда дали е изречена забрана за вршење на професија. Посочи да станува збор за друга институција ќе се сфати, но Судскиот совет со податокот прв ќе е запознаен и ќе треба да утврди престанок на функцијата на судијата. Нагласи дека апсолутно повредата е од релативен карактер. Дали некој има проблем да свати што е суштината на релативен или апсолутен карактер е друга ситуација. Додаде дека на претходен избор за претседател на Апелационен суд Штип, од 4 кандидати колегата Кирчо Донев е исто апликант во тој избор каде ниеден кандидат нема доставено таква потврда и се избра претседател. Изрази дилема како ќе се објасни пред колегите дека пред две години за истата состојба кандидатот е ставен на ранг листа, а сега со истите документи се отфрла пријавата. Прецизира дека се влегува во една пародија како Судскиот совет во која не сака да земе учество.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и наведе дека како нов член не може да се раководи по ставови коишто ги прифатил Судскиот совет доколку истите не се во форма на заклучок, нешто што треба во постојаната работа на Судскиот совет да се почитува. Укажа дека се слушнаа различни работи, но поединечни прифаќања во конкретен случај е недопустливо како судија. Законот дава услови, доколку за условите Судскиот совет не носи заклучок дека може да се поедностави постапката на начин што ќе се каже дека сето она што судијата го има во судското досие како документација ќе се прифати од Советот како доставен документ, наместо судијата повторно да го доставува, сето друго е услов што судијата што конкурира во повисок суд или како претседател треба да достави како доказ, затоа што законот е јасен. Посочи дека толкување може да се прави, но какво толкување ќе се прави на нешто што е наведено како услов.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека за работата на претходни комисии не може да суди. Укажа

дека во сите комисии каде е претседател неселективно е постапувано, независно за кој колега се работи. Нагласи дека колегата Кирчо Донев лично го почитува и соработува со него и во погрешен правец се носат констатациииите. Напомена дека не може да се дерогира закон со лични ставови и желби.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека можеби Стразбург не дозволува строг формализам, меѓутоа треба да се разграничи ситуација од ситуација. Укажа дека во самиот оглас е договорено децидно да се наведе кои документи како прилог ќе ги достават кандидатите. Посочи дека со оглед на тоа да е завземен став да оние докази кои ги има во досието на судиите дека нема потреба да се доставуваат, но ако во огласот не е точно наведено кои докази треба да се приложат кон пријавата, а се наведува доказите со кои се потврдуваат условите од чл. 45 и чл. 47, а посебно по однос на доказот дека во моментот со правосилна пресуда не е изречена казна или прекршочна санкција не се согласи дека како Судскиот совет треба да се претпоставува иако држи тезата дека Судскиот совет прв би дознал, несоменено. Меѓутоа, го предвидува тоа законодавецот и во огласот кој е објавен Судскиот совет го предвидува и ставот е да се почитува тоа што е објавено како оглас и да се бараат документите, но за да не се навлезе во строг формализам каде законодавецот бара и уверение за завршен факултет, за положен правосуден испит итн. веќе е завземен став. Уште еднаш повтори да се внимава на огласите кој се објавуваат.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот да се објави оглас за избор на претседател на Апелационен суд Штип го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 7 гласа „За“ и 6 гласа „Против“ предлогот е усвоен и донесена е следната:

О Д Л У К А

ДА СЕ ОБЈАВИ ОГЛАС ЗА:

- За избор на претседател на на Апелационен суд Штип.

● По повод следната потточка од Дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека по огласот за избор на претседател на Основен суд Битола објавен во Службен

весник на РСМ бр.160/22 од 15.07.2022 година, Комисијата утврди дека двајцата пријавени кандидати се со неуредна и некомплетна документација.

Комисијата предлага Советот, согласно на чл. 47 ст. 6 од Законот за судовите да донесе одлука за објава на нов оглас за избор на претседател на Основен суд Битола.

Во продолжение претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и упати прашање до Комисијата,со оглед на тоа што е наведено во записникот за кандидатот Татјана Петровска, наведена е Програма за работа на Основен суд, наведено е дополнување на Програма со Акциски план примен во Советот на 04.08.2022 година, дали значи дека дополнувањето кое го содржи Акцискиот план не е доставено во рок? Или бидејќи, во констатација на Комисијата стои само дека нема документ за завршени правни студии, а не е наведено по однос на Акцискиот план, дали значи дека Комисијата прифатила дека кандидатот доставил навремено Програма со Акциски план?

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека рокот за поднесување на документи е истечен, а содржината на актот насловен како Акциски план воопшто не одговара на Акциски план. Укажа дека освен насловот, содржински нема ништо што упатува на тоа дека се работи за Акциски план, а со оглед на фактот што е поднесен надвор од рокот не е внесена никаква констатација во записникот. Посочи дека со оглед што на претходни избори прашањето е апсолвирано и заземен е заклучок дека без Акциски план, Програмите нема да се прифаќаат како целосни и под тој основ се констатира дека документите се некомплетни.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и истакна дека не се согласува со наводите дека како Совет е донесен заклучок дека без Акциски план не се прифаќа Програмата за работа, бидејќи таков заклучок не е донесен. Укажа дека тоа е законска обврска на кандидатот за претседател на суд да достави Акциски план. Посочи дека нема што тука да се завзема заклучок дали ќе се прифати Програмата за работа без Акциски план или не, ако Законот обврзува да се достави Акциски план. Замоли да се расчистат некои работи.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека се потенцира, бидејќи прифатено е дека доследно ќе се почитува законот со оглед на претходната пракса при носењето на новиот Закон каде Комисиите им даваат дополнителен рок на колегите да доставaт Акциски план. Укажа дека во последните избори е пресечено дека доследно ќе се држи до законските одредби и дека без Акциски план Програмите нема да се прифатат.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот да се објави оглас за избор на претседател Основен суд Битола на го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 11 гласа „За“ и 2 гласа „Против“ предлогот е усвоен и донесена е следната:

О Д Л У К А

ДА СЕ ОБЈАВИ ОГЛАС ЗА:

- За избор на претседател на Основен суд Битола.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 4-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 5-та точка од Дневниот ред.

**Точка 5**

(Формирање на Комисии за увид и оцена на претседател на суд и Комисија за оценување на работата на кандидати за претседател на суд)

● По повод 5-та точка од Дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше за потребата од формирање на Комисија за увид и оцена на претседател на основен суд на Апелационо подрачје Скопје, согласно законските надлежности од чл. 36 ст. 1 ал. 5 од Законот за Судскиот совет, а во врска со чл. 7 од Правилникот за начинот на формирање на Комисии за оценка на работата на судиите и претседателите на судовите, по пат на ждрепка.

По спроведеното ждребување претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е донесена следната:

О Д Л У К А

СЕ ФОРМИРА Комисија за увид и оцена на претседател на основен суд на Апелационо подрачје Скопје во состав од:

- Јани Нича - претседател на Комисијата (судија на Апелациониот суд Скопје);
- Мелек Алија Елези - член на Комисијата (судија на Апелациониот суд Скопје);
- Лидија Зимбовска - член на Комисијата (судија на Апелациониот суд Скопје);
- Мери Дика Георгиевска - член на Комисијата (судија на Апелациониот суд Скопје);
- Петранка Ташева - член на Комисијата (судија на Апелациониот суд Скопје).

● По повод следната потточка од Дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше за потребата од формирање на Комисија за увид и оцена на судија на Апелационен суд Скопје, согласно законските надлежности од чл. 36 ст. 1 ал. 5 од Законот за Судскиот совет, а во врска со чл. 5 од Правилникот за начинот на формирање на Комисии за оценка на работата на судиите и претседателите на судовите, по пат на ждрепка.

По спроведеното ждребување претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е донесена следната:

О Д Л У К А

СЕ ФОРМИРА Комисија за увид и оцена на судија на Апелационен суд Скопје во состав од:

- Мирјана Лазарова Трајковска - претседател на Комисијата (судија на Врховниот суд на РСМ);
- Цветанка Периќ - член на Комисијата (судија на Врховниот суд на РСМ); Сафет Кадрии - член на Комисијата (судија на Врховниот суд на РСМ); Владимир Стојаноски - член на Комисијата (судија на Врховниот суд на РСМ);
- Снежана Ѓорѓиеска Зекирија - член на Комисијата (судија на Врховниот
- суд на РСМ).

● По повод следната потточка од Дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше за потребата од формирање на Комисија за оценување на работата на кандидати за претседател на Основен суд Куманово, согласно законските надлежности од чл. 36 ст. 1 ал. 5 од Законот за Судскиот совет, а во врска со чл. 2 од Правилникот за формирање и работење на Комисиите на Судскиот совет, по пат на ждрепка.

По спроведеното ждребување претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е донесена следната:

О Д Л У К А

СЕ ФОРМИРА Комисија за оценување на работата на кандидати за претседател на Основен суд Куманово, во состав од:

- Ханиф Зендели - претседател на Комисијата (член на Судскиот совет на РСМ);
- Зоран Герасимовски - член на Комисијата (член на Судскиот
- совет на РСМ);
- Весна Дамева - член на Комисијата (член на Судскиот совет на
- РСМ).

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 5-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 6-та точка од Дневниот ред.

## Точка 6

(Формирање на Комисија за проверка на навременост на пријави и комплетност на документи по објавен оглас за избор на претседател на Апелационен суд Скопје)

● По повод 6-та точка од Дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше за потребата од формирање на Комисија за проверка на навременост на пријавите и комплетноста на документите по објавен оглас за избор на претседател на Апелационен суд Скопје, согласно чл. 36 од Законот за Судски совет, по пат на ждрепка.

По спроведеното ждребување претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е донесена следната:

О Д Л У К А

Се формира КОМИСИЈА за проверка на навременост на пријавите и комплетноста на документите по објавен оглас за избор на претседател на Апелационен суд Скопје („Сл.весник на РСМ" бр.194/22 од 05.09.2022), во состав од:

- Ханиф Зендели - претседател на Комисијата
- м-р Селим Адеми - член на Комисијата и
- Ивица Николовски - член на Комисијата.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 6-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 7-та точка од Дневниот ред.

**Точка 7**

(Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија)

**1.** Претседателот на Советот Павлина Црвенковска му даде збор на членот на Советот **ХАНИФ ЗЕНДЕЛИ** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 13 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Претставка **УПП бр.08-328/1** од 14.09.2022 година - Во преставката се изразува незадоволство од постапувањето на судечкиот совет од Управниот суд по предметот У-5 бр.1722/21 во кој подносителот на преставката има свовство на тужена страна.

Незадоволството е поради донесување на пресуда во отсуство на подносителот, при што судечкиот совет констатирал дека подносителот е „уредно повикан’, иако согласно наводи на подносителот не биле уредно повикани бидејќи немале примено известување за промена на адресата на судот. Судскиот совет на РСМ нема надлежност да се впушта во испитување, преиначување, менување, укинување или толкување на одлуките донесени од страна на судовите. Согласно одредбите од Законот за судовите, судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. По направени извиди, увид во приложените докази и изјавата на судијата известител кој постапувал по предметот Советот констатира дека во конкретниот случај, по приемот на пресудата У-5 бр.1722/2021 од 12.07.2022 година подносителот ги искористил правните средства кои му стојат на располагање согласно одредбите од Законот за управните спорови, со поднесување на предлог за повторување на постапката на ден 06.09.2022 година. Поднесениот предлог за повторување на постапката е во фаза на одлучување и постапување пред редовен состав на советот.Во контекст на изложеното, во конкретниот случај се работи за сеуште активен предмет од кои причини наводи на подносителот изнесени во преставката се жалбени наводи и истите ќе бидат ценети од страна на Управниот суд при расправање по предлогот за повторување на постапката. Врз основа на утврденото Советот најде дека преставката е неоснована.

Претставка **УПП бр.08-341/1** од 27.09.2022 година – Видно од содржината на претставката во истата подносителот изразува незадоволство од постапувањето на претседателот на Основен суд Дебар, поради незаконско постапување по предметот ППНИ.бр.11/22 во кој според наводите од преставката претседателот поништил правосилно и извршно решение на повисок суд.Судскиот совет на РСМ нема надлежност да се впушта во испитување, преиначување, менување, укинување или толкување на одлуките донесени од страна на судовите. Согласно одредбите од Законот за судовите, такво право има само надлежен суд кој во постапка пропишана со закон може да ја преиспита судската одлука. Видно од доказите доставени во прилог со претставката, на ден 23.09.2022 година подносителот го искористил правото на контрола на донесената првостепена одлука со поднесување на жалба до второстепениот суд. Во контекст на изложеното, во конкретниот случај се работи за сеуште активен предмет од кои причини наводите на подносителот изнесени во преставката се жалбени наводи и истите ќе бидат ценети од страна на повисокиот суд, во случајов Апелациониот суд Гостивар кој

единствено може да ја менува или укинува првостепената одлука во постапка пропишана со закон. Врз основа на утврденото Советот најде дека преставката е неоснована.

**2.** Претседателот на Советот Павлина Црвенковска му даде збор на членот на Советот **МЕРИ РАДЕВСКА** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 13 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Претставка **УПП.бр.325/1** од 14.09.2022 година во врска со незадоволство од донесени пресуди на Апелационен суд Скопје КЖ-482/19 и КЖ-335/21. Укажува дека предметот што се водел за сторено кривично дело Измама повеќе пати бил враќан на повторно одлучување пред првостепен суд. При повторното постапување по предметот од страна на првостепениот суд е отстранета констатираната суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка и донесена е пресуда К.бр.322/20 од 16.11.2020 година, со истата на подносителот на претставка му е изречена алтернативна мерка условна осуда. Постапувајќи по жалбата на обвинетите првостепената пресуда е преиначена во делот на квалификацијата од соучесници во помагачи. Во делот на наводите дека настапила застареност на кривичното гонење истите се неосновани, од причина што застареноста би настапила 31.03.2028 година, така што во време на донесување на второстепената пресуда од 02.06.2021 година не била настапена застареност. По однос пак на наводите дека јавната седница по двата предмети била одржана без присуство на јавниот обвинител, исто така се неосновани, од причина што согласно законските одредби кои ја регулираат жалбената постапка присуството на јавниот обвинител на јавната седница не е задолжително. Согласно членот 11 од Законот за судовите судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна

оценка на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект, а Советот не е надлежен да менува судски одлуки. Согласно чл.13 ст.3 од истиот закон судска одлука може да се менува или укинува само од надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Претставка **УПП.бр.340/1** од 27.09.2022 година и дополнувања од 12.10.2022 година, 14.10.2022 година поради незадоволство од постапување на судија на Основен граѓански суд Скопје.. Во Наведува дека до претседателот на судот поднел претставка против судијата, кој наместо да постапи по истата согласно законските надлежности дал образложение со кое оценил дека наводите се неосновани. Врз основа на горенаведеното Советот констатира дека наводите во претставката се жалбени наводи по кои не е надлежен да постапува. Предлагачот поднел жалба, а Апелационен суд Скопје постапувајќи по истата донел решение ТСЖ-928/22 од 30.06.2022 година со кое првостепеното решение е потврдено.

Претставка **УПП.бр.351/1** од 04.10.2022 година во врска со незадоволство поради пристрасно и незаконито постапување на судии од Основен суд Гостивар и Апелационен суд Гостивар. Советот констатира дека наводите во претставката се жалбени наводи по кои не е надлежен да постапува. Согласно чл.13 ст.3 од истиот закон судска одлука може да се менува или укинува само од надлежен суд во постапка пропишана со закон, во конкретниот случај второстепениот суд – Апелација Гостивар одлучувал и жалбата ја одбил како неоснована со јасно образложени причини.

**3.** Претседателот на Советот Павлина Црвенковска му даде збор на членот на Советот **ЛОРЕТА ГОРГИЕВА** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

*Процедурално за збор се јави членот на Советот Мирјана Радевска Стефкова и истакна дека се иззема од расправата и одлучувањето по претставката УПП бр. 08-15/22 од причини кои можат да ја доведат во прашање непристрасноста и објективноста при одлучувањето.*

*Процедурално за збор се јави членот на Советот Зоран Герасимовски и истакна дека се иззема од расправата и*

*одлучувањето по претставката УПП бр. 08-220/22 од причини кои можат да ја доведат во прашање непристрасноста и објективноста при одлучувањето.*

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа по излагањето на известителот.

По повод претставката УПП бр. 08-15/22 и УПП бр. 08-52/22 се разви дискусија.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека во излагањето најверојатно известителот пропушта да каже, подносителот освен што се жали на долгиот период на изготвување на одлуката од страна на првостепениот суд, односно 8 месеци, дека и на 15.06.2021 година е изјавена жалба. Постави прашање дали е испитано во која фаза е постапувањето по жалбата, односно дали, бидејќи е поминато 1 година и 3 месеци, дали има одлука по жалба?

Укажа дека зачудува фактот зошто претставка поднесена во месец јануари е доставена до претседателот на Советот и се смета за барање, па потоа поднесено барање кое се смета за претставка на 22.03. Тоа е по однос на предметот УПП бр. 08-15/22 и по однос на претставката УПП бр. 08-52/22 поднесена на 08.02 до денес не се реферирани, а притоа нема побарано и спроведено процесни дејствија, во смисла на барање изјави од судии. Посочи дека ако Судскиот совет сака да испитува ажурност на судовите, најпрвин треба да се погледне во сопствените редови. Нагласи дека неприфатлив е фактот после 10 месеци без претходно спроведени дејствија, извиди и оправдување за тоа што Судскиот совет 10 месеци чува претставка. Напомена дека во претставката УПП бр. 08-52/22 странката наведува дека моли за итно и навремено постапување со цел да се запре незаконитото извршување.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека кога се укажува на временски рок од 8 месеци од писмено изготвување на пресуда, независно од тоа што одлуката е по жалба во повисокиот суд, доколку од извршените извиди се утврди посочениот факт, не се гледа причина претставката да не се прифати како основана.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека видно од контролникот е дека на 25.01.2022 година има одлука од надлежен суд, што значи има одлука по жалба и самиот факт што е поднесена ревизија треба да е доволен факт да колешката разбере дека има одговор по жалба и странката е незадоволна од второстепената одлука. Одлуката по жалба не се доведува во прашање. Станува збор за ревизија, во која и самата странка, односно полномошникот зборува дека има веќе постапка по ревизија.

Укажа дека во делот на тоа дека 8 месеци дека не е изготвена одлуката, точно стои во контролникот дека има расчекор од 8 месеци од момент на објава, до момент на достава на пресуда, меѓутоа со оглед на фактот дека е координатор на Основен граѓански суд Скопје, предметот е тргнат настрана со податоците, да при наредна контрола се проверат наводите. Не може да се каже технички како што се гледаат 8-те месеци од кои причини не е изготвена и доставена одлуката. Доколку има расчекор, за судијата ќе биде ценето во делот на евалуацијата и оценувањето за непочитување на рокови за изготвување на одлука.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека од одговорот на известителот не може да се најде одговор на поставеното прашање. Укажа дека рокот од моментот на објавување до писмено изготвување на пресудата е 8 месеци, како што е наведено во претставката, а известителот истакна дека тој факт треба да се утврди. Предложи ако не е утврден посочениот факт, а е доволно за да биде основана претставката доколку навистина се точни наводите, тогаш да се повлече претставката и утврди фактот, па да се гласа за претставката. Посочи дали е постапката по жалба или ревизија е ирелевантно, ако не е укажано на моментот и не е разгледуван како жалбен навод, иако е донесена второстепена одлука. Истакна дека не битно е, има сериозна суштествена повреда на процесникот закон, во делот на изготвување на одлука.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека на минатата седница две претставки се повлечени, бидејќи одлуките не се напишани. Укажа дека ако предлогот на известителот е да се затвори како неоснована, за двете претставки ќе гласа против, бидејќи смета дека се основани.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и упати прашање дали е проверен фактот дека пресудата не е изготвена 8 месеци.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека видно од контролникот, наводите во претставката се потврдуваат, но не се познати причините за истото. Повтори дека е координатор на Основен граѓански суд Скопје и тоа ќе биде предмет на дополнителна анализа.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека подносителот на претставката не го интересираат причините дали судијата има многу предмети или нема многу предмети во работа. Укажа дека ако се точни наводите во претставката мора да се каже на подносителот дека во тој дел е основана претставката, но нема да се покрене постапка против судијата ако има оправдани причини за одолговлекувањето.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека записник за објава е донесен на 29.09.2020 година, пресудата е верификувана на 29.10.2020 година, а жалбата е поднесена по 8 месеци, и од тие причини ќе се провери податокот зошто одлуката не е доставена во периодот од 8 месеци.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека во наводите на претставката пишува, донесената пресуда е изработена 8 месеци по завршните зборови. Укажа дека првата претставка е поднесена месец јануари, односно втората претставка е поднесена месец февруари. 10 месеци Судскиот совет чека, без да изврши извиди, макар и да се поднесе барање до судијата да достави изјава дали се вистинити наводите во претставката. Посочи дека можеби е антидатирана верификацијата. Напомена или да се повлече претставката, бидејќи не се извршени извиди или ќе гласа против предлогот на известителот.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дали е побарано од судијата да се произнесе по наводите од претставките УПП бр. 08-15/22 и УПП бр. 08-52/22 не може само од контролникот да се знае и да се претпоставува. Укажа дека нема што да се претпоставува, станува збор за факти кои треба да се утврдат и од тие причини е даден предлогот да се повлечат двете претставки, да се извршат извиди по истите и потоа да се стават на гласање дали се основани или не.

За збор се јави членот на Советот **Зоран Герасимовски** и наведе дека јавна тајна е кај првостепените судови дека пресудите се верификуваат во рок само со диспозитив, а после 8 месеци или 1 година се изготвуваат со образложение и доставуваат. Укажа дека од таа причина подносителот има мака и се жали. Посочи дека таков случај има и во Основниот суд Тетово каде судијата е „затрпан" со предмети и не може да постигне, а за да се запази рокот од 15 дена ќе се верификува само диспозитивот. Нагласи дека можеби греши, но тоа е причината поради која пресудата не е изготвена.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и наведе да не се впушта во претпоставки дали може или не може да се верификува. Истакна дека тоа се дискусии чие место не е на седница на Судскиот совет. Тоа може да се испитува во контрола.

Посочи дека во конкретниот случај се согласува со предлогот на колешката Тања дека нема податок од кои причини одлуката е доставена по 8 месеци. Станува збор за достава, бидејќи според роковите произлегува дека одлуката е напишана во рок. Зошто странката ја добила одлуката кога ја добила и тогаш поднесува жалба. Укажа да се побара одговор од судијата, да се добие и тој податок, па потоа да се одлучува по претставката.

Известителот истакна дека претставката УПП бр. 08-52/22 се повлекува за понатамошна доработка.

По повод претставката УПП бр. 08-144/22 се разви дискусија.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека извршени се извиди, меѓутоа датумот на доставување на изјавата од судиите е 18.04.2022 година и среќна е како член на Судскиот совет што конечно странката после 6 месеци ќе добие одговор од Судскиот совет.

По повод претставката УПП бр. 08-190/22 се разви дискусија.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека се поставува прашањето дали кога нема нови факти и околности треба да се игнорираат законските одредби од Законот за постапување по претставки и предлози и понатаму да се впушта во утврдување на основаноста или не основаноста, а кога има

неутврдени факти не треба да се бара изјава од судиите. Укажа дека искрено не се гледа интенцијата на сето тоа.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и упати прашање дали е предмет на опсервација нејзината работа или работата на судиите?

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека се поставува прашање не затоа што се има намера да се троши времето за опсервации и прашања кон одредени колеги, туку да се оформи сопствениот став. Посочи дека ако претставка се поднесува по однос на исти факти и околности, во тој случај треба да се гласа за отфрлање на претставката, а во обратен случај треба да се гласа по предлогот на подносителот за мериторно одлучување и од таа причина е поставено прашањето.

По повод претставката УПП бр. 08-345/22 се разви дискусија.

За збор се јави членот на Советот **Зоран Герасимовски** и наведе дека треба да се преземат определени дејствија од страна на Судскиот совет, да се прати допис до АНБ сите доставени барања за издавање на сертификат да се процесуираат во покус временски рок.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека застојот во динамиката на издавање на сертификати се рефлектира на судството директно и индиректно на изразената недоверба на судството и од таа причина Судскиот совет треба да преземе конкретни активности.

По повод претставката УПП бр. 08-337/22 се разви дискусија.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека иако во судската фела најчесто употребувани термини се ажурност, навремено преземање на дејствија, разумен рок, совладување на прилив, застареност, во конкретниот случај забелешката се однесува на неажурноста на Советот. Укажа дека можеби почитуваната колешка има оправдани причини, меѓутоа ако нема оправдани причини е неодговорно претставки коишто се примени во работа месец јануари, месец март да се реферираат после толку време иако во голем дел се работи за факти коишто и самите процесни закони или материјални закони предвидуваат

кратки рокови. Пример има претставка - работен спор, согласно позитивните норми работните спорови се спорови од итен карактер. Ако одредена странка се жали до Советот и бара преиспитување на определени преземени дејствија за месец март, што корист ќе има кога Советот по истекот на толку време се впушта во проверка на тие факти. Укажа дека треба да се биде по ажурен, по навремен, затоа што и самиот Закон за претставки дава многу пократок рок. Посочи дека е неодговорно ако се дозволи по една поплака после една година дена се расправа и презема дејствија и нема ефект.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека не е јасно дали предмет на денешната дискусија е нејзиното излагање на претставките или претставките!? Укажа дека ако смета некој дека треба да ја испитува нејзината работа тоа е друга постапка. Тука станува збор за претставки. Посочи дека за последната елаборирана претставка се работи за анонимна претставка во која нема засегнато јавен интерес да биде земена во работа и да се постапува понатаму. Нагласи дека ако колегата има друг проблем, тоа е нешто друго и не е предмет и место на одлучување. Додаде да се задржи нивото, бидејќи премногу е спуштено и жално е да се каже повеќе од тоа што веќе е кажано.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека лично нема ништо против колешката, напротив е многу интересна и симпатична, меѓутоа треба да се колегијални и одговорни. Укажа да не се самобендисани, па да се мисли дека тука се дојдени точно да се следи работата на колешката. Посочи дека се говори генерално и Советот е колективно тело. Нагласи дека сите се обраќаат до Судскиот совет, никој не се обраќа до Лорета Горгиева, судија на Основен суд Струмица.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека нивото не наликува. Укажа дека во делот кога е реферирано може да се види во системот за работно време кога и од кои објективни причини е отсуствувано и не е во можност да присуствува на седница и да се реферираат претставките.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека ако е сватен погрешно нема да се впушта во понатамошна дискусија.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека однесувањето на било кој член од Судскиот совет го доведува

под прашање постапувањето и однесувањето на целиот Судскиот совет. Укажа дека никој лично не треба да свати, меѓутоа дел од Судскиот совет, дел од колективното тело се доведени во непријатна ситуација со одредено индивидуално постапување.

За збор се јави претседателот на Советот **Павлина Црвенковска** и наведе дека апсолутно се согласува со колешката. Поради нечие индивидуално постапување сите како Судскиот совет се доведени во прашање, но тука се каде што се и нема враќање назад.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

Во врска со преставката УПП бр. 08-15/22 гласањето се издвои и се констатира дека со 7 гласа „За" и 5 гласа „Против" предлогот на известителот е усвоен.

Во врска со преставката УПП бр. 08-220/22 гласањето се издвои и се констатира дека едногласно, со 12 гласа „За" и ниту еден глас „Против" предлогот на известителот е усвоен.

Во продложение се спроведе гласање за останатите предлози на известителот. По гласањето се констатира дека, со 11 гласа „За" и 2 гласа „Против" предлозите на известителот се усвоени и донесена е следната:

**О Д Л У К А**

Претставка **УПП бр.08-15/22** се изразува незадоволство од добиено известување на Судскиот совет како одговор на претходно поднесена претставка УПП бр.08-388/21, разгледана на седница на Советот на 29.11.2021 година и подносителот е известен дека треба да го сочека исходот на предметот по жалба пред Апелациониот суд Скопје. За проверка на наводите Советот изврши увид и во Контролникот за работа на судовите кој се наоѓа во електронскиот систем на Судскиот совет и се констатира дека по изјавената жалба на првостепената одлука, Апелациониот суд Скопје донел пресуда ГЖ-4597/21 од 12.01.2022година со која жалбите на тужената се одбиваат како неосновани, а пресудата на Основен граѓански суд Скопје П1-690/17 од 29.09.2020 година се потврдува. Во оваа

претставка подносителот не изнесува нови факти и околности кои не биле предмет на  претходно разгледување, а наводите како жалбени наводи биле предмет на оцена од страна на надлежен повисок суд. Ова согласно член 13 став 3 од Законот за судовите според кој судската одлука може да ја менува иили укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Претставка **УПП бр.08-144/22** се изразува незадоволство од постапување на судии на Апелационен суд Гостивар по  предметот ТСЖ-126/21.Од прибавена изјава на судиите кои постапувале по предметот произлегува дека  во Апелациониот суд Гостивар заведен е предмет ТСЖ-126/21 оформен по тужба за посилно право на утврдување на правен статус,  а заради одлучување по жалба тужителот и првотужениоет и двете против пресуда на Основен суд Гостивар ТС-6/21 од 24.08.2021година.  На седница на советот на судии одржана на ден 25.11.2021година едногласно е донесена одлука со која жалбите се уважуваат, првостепената пресуда се преиначува и се пресудува:  се усвојува тужбеното барање и се утврдува дека  тужителот спрема тужените има посилно право на утврдување на правен  статус на бесправно изграден објект  на КП-3039/1.Со оглед да како самиот подносител наведува и по извршена проверка во контролникот за работа на судовите кој се наоѓа во електронскиот систем на Судскиот совет се констатира дека по предметот е изјавена ревизија до Врховниот суд на РСМ , па наводите на поднсоителот ќе бидат предмет на оцена од страна на повисокиот надлежен суд.Судскиот совет нема надлежност да испитува судкса одлука. Ова соглансо член 13.  Ова согласно член 13 став 3 од Законот за судовите според кој судската одлука може да ја менува иили укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон

Претставка **УПП бр.08-190/22** се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен суд Струмица по предметот К бр.46/12. Од прибавена изјава од судијата кој постапувал по предметот произлегува дека Основниот суд Струмица по предметот К бр.46/12 од закажани седум расправи со праќање на покана три пати, четири пати со наредба преку СВР Велес барана е адреса на престојување, доставена наредба за приведување преку началникот на СВР Велес, обвинетиот не бил пронаоѓан а како оштетените лица со престој во странство кои постојано доаѓале во земјата на закажани расправи,  донел решение на обвинетиот да му се суди во отсуство согласно член 428 став 4 од ЗКП. (тогаш важечки) и на обвинетиот му е судено во отсуство, предвид фактот да се работи за лице кое често го менува адресите . Според судијата правосилно донесената одлука К бр.46/12 од 31.10.2012

година осудениот поднел 4 барања за повторување на постапката и сите се отфрлени од страна на кривични совети при Основен суд Струмица, а донесените решенија се потврдени со одлука на Апелациониот суд Штип. Во сите овие решенија е наведено дека осудениот не предлага никакви нови докази кои би довеле до донесување на ослободителна пресуда или примена на поблаг закон, а дека пропустите на кои се повикува осудениот во барањата за повторување на постапката на однесувањето на службените лица при СВР Велес воопшто не влијаеле за утврдување на поинаква фактичка состојба од утврдената со правосилна пресуда, ниту пак влијаеле за непостоење на законските елементи на кривичното дело “Надриписарство“ по член 381а од КЗ за кое правосилно е осуден. Наводите во преставката се неосновани.

Претставка **УПП бр.08-208/22** се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен граѓански суд Скопје по предметот РО-743/22. Се бара од Судскиот совет да влијае првостепениот суд да го одржи рочиштето на 03.06.2022 година и да донесе времена мерка. Од прибавена изјава на судијата кој постапува по предметот произлегува дека со поднесен одговор од полномошникот на тужителот на одговор на тужба истакнато е посебно барање за издавање привремена мерка по кое барање оформен е предмет РО-743/22. Предлогот е доставен до тужениот од кого доставен е одговор. Закажаните рочишта на 15.04.2022 година и 05.05.2022година се одложени од процесна причина, и закажано рочиште на 03.06.2022 година.Советот укажува дека согласно на член 11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секаков облик на влијание врз судијата во вршење на судиската функција.Во однос на наводите во претстваката а со оглед да постапката пред првостепениот суд е во тек , поднсоителот треба да го сочека исходот на истата и доколку е незадоволен од донесената одлука , истата да биде предмет на разгледување во постапка по правен лек пред повисок суд.

Претставка **УПП бр.08-220/22** се изразува незадоволство од постапување на судии на Апелациониот суд Скопје по предмет ГЖ-1122/22 кои нестручно ја вршеле функцијата од причина што не го испитале првостепеното решение во оној дел во кој се побива со жалбата спротивно на член 262 од ЗПП и поради суштествени повреди на одредбите на постапката од член 343 став 2 т.14 од ЗПП и да првостепениот судија со сигурност не утврдил дали тужителката го реметела редот во судницата. Поради наведеното смета дека било продолжена дискриминацијата и дека поминати биле сите разумни рокови за фер и правично судење. Од

прибавената изјава на судиите кои постапувале по предметот произлегува дека судечкиот совет при Апелациониот суд Скопје одлуката по конкретниот предмет ја донел согласно одредбите на членот 304 став 1 од ЗПП и член 10 став 2 од ЗПП. Имено, согласно член 304 став 1 од ЗПП лицето кое учествува во постапката или лицето што како слушател присуствува на расправата го навредува судот или другите учесници во постапката, ја попречува работата или не им се покорува на наредбите на претседателот на советот за одржување на редот, претседателот на советот ќе го опомене. Ако опомената е безуспешна советот може опоменатото лице да го отстрани од судница или да го казни со парична казна согласно член 10 став 2 од ЗПП а може да го отстрани и да го казни со парична казна.Согласно цитираните законски одредби судечкиот совет на овој суд оценил дека првостепениот суд врз основа на сите изнесени изјави и навреди и воопшто сите постапки на тужителот нашол дека истиот довел до попречување на работата на судот, бидејќи со таквото постапување судечкиот судија не успеал да го одржи редот во самата судница а при тоа дошло и до попречување односно неовозможување да се изготви записник бидејќи записничарот неможел да ги слушне ниту изнесените наредби на судот, ниту пак судијата можел да го заврши рочиштето со цел со формална одлука да се произнесе по предлогот за вмешување. Првостепениот суд дал детален опис и образложил во донесеното решение кога парично го казнил тужителот. Предвид наведеното судечкиот совет на повисокиот суд оценил дека правилно постапил првостепениот кога го казнил тужителот со парична казна .Наводите на подносителот се неосновани и од причина што при постапување и при донесување на одлуките судовите треба да ги ценат и да ги земаат предвид целите и функциите кои ги опфаќа судската власт согласно Законот за судовите меѓу кои обезбедување правна сигурност на странките врз основа на владеење на правото. Дотолку повеќе што секој има право на еднаков пристап пред судот во заштита на неговите права и правно заснованите интереси. Согласно наведеното судечкиот совет постапил совесно и законски при донесување на одлуката по конкретниот предмет ГЖ-1122/22.

Претставка **УПП бр.08-232/22** се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен суд Охрид по предмет П1-8711/13. Според подносителот судијата по предметот по 7 години донел одлука само во однос на претходното прашање, не и за тужбеното барање, немал закажано расправа по предметот од 2016 година, не ги укинал процесните дејствија и го задолжил тужителот со трошоци на постапката.Од прибавената изјава на судијата кој постапувал по предметот произлегува неоснованост на наводите

дека од 2016 година не била одржана расправа од фактот што предметната постапка е правосилно завршена со решение на Основниот суд Охрид П1-8711/13 од 06.10.2016 година со кое се отфрла тужбата, и кое станало правосилно на ден 27.09.2017 година кога е потврдено со второстепено решение на Апелациониот суд Битола ГЖ- бр.532/15 а извршно на ден 11.12.2017 година. Решението е потврдено и од страна на Врховниот суд на РСМ РЕВ бр. 260/18 од 30.05.2019 година. Во однос на наводите зошто судијата одобрил клаузула за правосилност и извршност на решението П1-8711/13, се утврди дека подносителот не прави разлика меѓу материјална и формална правосилност. Согласно член 322 став 1 од ЗПП одлуката станува провосилна кога повеќе не може да се побива со жалба , а согласно член 14 став 1 од ЗИ судската одлука е извршна ако станала правосилна и ако истекол рокот за доброволно исполнување на должниковата обврска. Впрочем тужителот поднел и барање за укинување на клаузулите на правосилност и извршност , кое судот ги одбил како неосновано. Наводите дека тужителот бил задолжен со трошоци односно дека судот после донесеното решение за отфрлање на тужба требал да донесе одлука со која ќе ја укине одлуката во делот на трошоци, се наводи од кои се утврдува само пројавено незадоволство од донесена одлука, која пак била предмет на тростепено судско одлучување. Од наведеното со постапувањето на трите судови, вклучително и првостепениот во конкретната постапка, неможе да биде нарушен угледот на судовите кога била спроведена законита постапка која ги поминала трите судски инстанци во разумни рокови за судење. Дека Основниот суд Охрид постапувал во разумни рокови се произнел и Врховниот суд на РСМ во постапка по барање за неразумно судење од подносителот со решение ПССРГ бр.243/15 од 17.11.2016 година со кое барањето е одбиено како неосновано. Наводите во преставката се неосновани.

Претставка **УПП бр.08-256/22** насловена како Кривична пријава против судии на Основен суд Струмица и на Апелациониот суд Штип. Од увид во наводите во истата и прилог доказите од аспект на надлежностите на Судскиот совет се констатира дека е надвор од законските рокови за постапување и превземање на дејствија кон посочените судии. Последното дејствија за конкретниот предмет е пресуда на Апелациониот суд Штип ТСЖ-430/18 од 18.01.2019година. Предвид членот 62 од Законот за Судскиот совет на РСМ, со предметната претставка се оспоруваат дејствија за кои се изминати законските рокови за постапување од страна на Советот, а со оглед да преставката е насловена и до

други институции секоја во рамки на своите надлежности доколку најдат за потребно да ги превземаат потребните дејствија.

Претставка **УПП бр.08-260/22** за постапување на судија на Основен суд Виница по предмет К.бр.70/21, по која нема да се постапува. Ова од причина што се констатира дека на ден 23.09.2022 година подносителот доставува писмена изјава до Советот во која наведува дека поднесената претставка ја повлекува од причина што на ден 19.09.2022година е доставено решението од Основен суд Виница К.бр. 70/21 со кое се запира кривичната постапка поради повлекување на приватна кривична тужба.

Претставка **УПП бр.08-309/22** се изразува незадоволство од постапување на Управниот суд по предметот У-1 бр.179/22.Од прибавена изјава од судиите на Управниот суд кои постапувале по предметот произлегува дека по поднесена тужба со која се бара поништување на решение бр.0801-85 на тужениот орган Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, предметот е заведен под У1- 412/20 по кој е донесена пресуда со која тужбеното барање се одбива како неосновано. Тужителот го искористил правото на жалба до повисок суд при што од страна на Вишиот управен суд е донесена пресуда УЖ1-382/21 со која се одбива како неоснована жалбата на тужителот и пресудата на Управниот суд се потврдува.Од страна на тужителот е поднесен Предлог за повторување на постапката по која е оформен предмет У1.бр.179/22. Од увид во содржината на истиот судот утврдил дека поднесениот предлог е неуреден и судот со писмо за уредување побарал тужителот да го уреди во смисла на одредбите од Законот за управните спорови со укажување дека доколку не постапи по задолжението на судот предлогот ќе се отфрли. Исто така, судот Ве поучил и на правото на адвокат, околу уредување на Предлогот. На ден 09.05.2022 година до судот е доставен поднесок насловен како “Уреден предлог за повторување на постапката“ во кој се упатени навреди до судечкиот совет, претседателот на судот и до судиите на Вишиот управен суд кои одлучувале по изјавената жалба, а во прилог доставен и примерок од Тужба до Граѓанскиот суд Скопје од чија содржина исто така се гледа дека се упатени навреди кон судиите од овој судечки совет. Исто така подносителот навел и дека нема парични средства за ангажирање на адвокат. Управниот суд на ден 06.06.2022година донел решение со кое тужбата за повторување на постапката правосилно завршена со пресудата на Управниот суд и пресудата на Вишиот управен суд се отфрла .Советот најде дека наводите на тужителот во преставката се жалбените наводи, кои може да бидат

предмет на разгледување од повисокиот суд во постапка по правен лек.

Претставка **УПП бр.08-337/22** насловена како Барање за административно постапување и проверка на податоци од страна на Судскиот совет, одлучи претставката да се смета како воопшто да не е ниту поднесена .Ова од причина што се констатира дека претставката не е потпишана од лицето во чие име е поднесена, ниту пак е наведена адресата на подносителот, за да се побара нејзино уредување со оглед да во барањето нема конкретна поплака против постапување на судија.Со оглед да во претставката не е наведена адресата на подносителот согласно на членот 4 став 1 од Правилникот за начинот на постапување по претставките и предлозите (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/09) и за изнесеното Советот не може да го извести подносителот, се констатира дека најсоодветно е претставката да се архивира.

Претставка **УПП бр.08-345/22** се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен граѓански суд Скопје по предмет РО-3286/18. Од прибавената изјава од судијата кој постапува по предметот произлегува дека Основниот граѓански суд Скопје по предметот РО-3286/18 оформен за поништување на одлука за распоредување на ден 03.03.2022 година закажал подготвително рочиште. Истото е одложено по барање на полномошникот на тужителот од причина што тужителот и сведокот уредно повикани на расправата не присусутвувале на истата, па заради изведување на доказ со распит на странка и сослушување на предложениот сведок рочиштето е одложено за ден 01.07.2022година. Имајќи предвид дека на ден 20.04.2022година на судечкиот судија му истече важноста на безбедносниот сертификат, а еден од доказите е од строго доверлив карактер за кои треба да се поседува безбедносен сертификат за чие издавање постапката е сеуште во тек, подготвителното рочиште закажано на 01.07.2022 година судот го одложил. Од наведеното, Советот најде дека не постојат околности кои го доведуваат во сомнеж постапувањето на судечкиот судија по конкретниот предмет.

**4.** Претседателот на Советот Павлина Црвенковска му даде збор на членот на Советот **САШКО ГЕОРГИЕВ** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

*Процедурално за збор се јави претседателот на Советот Павлина Црвенковска и истакна дека се иззема од расправата и*

*одлучувањето по претставката УПП бр. 08-317/22 од причини кои можат да ја доведат во прашање непристрасноста и објективноста при одлучувањето.*

*Се констатира дека претседателот на Советот Павлина Црвенковска ја напушти седницата во периодот на реферирање и одлучување по претставката УПП бр. 08-317/22 од претходно наведените причини и со седницата во тие моменти раководи заменик претседателот на Советот Селим Адеми.*

Известителот истакна дека претставката УПП бр. 08-250/22 се повлекува за доработка.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

Во врска со преставката УПП бр. 08-317/22 гласањето се издвои и се констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот на известителот е усвоен.

Во продложение се спроведе гласање за останатите предлози на известителот. По гласањето се констатира дека едногласно, со 13 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлозите на известителот се усвоени и донесена е следната:

**О Д Л У К А**

Претставка **УПП бр.08-287/1** од 19.07.2022 година - Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по Вашата претставка, во смисла на член 6 од Законот за постапување по претставки и предлози (Службен весник на РМ бр.82/2008, 13/2013, 156/2015 и 193/2015) прибра податоци, известувања и мислења за фактите и околностите од значење за нивно оценување и во смисла на член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ бр.102/19), истата ја разгледа на седницата на Советот одржана на ден 26.10.2022 година и по расправата констатира дека по поднесена претставка од страна на подносителот веќе му е одговорено со Известување УПП бр. 08-08-195/22 од 06.07.2022

година . Со оглед на тоа дека претставката, поднесена од страна на подносителот во Советот заведена под УПП бр.08-287/1 од 19.07.2022 година се однесува на прашања на кои на подносителот веќе му е одговорено и во истата не се наведени нови факти и околности кои не биле познати при предходното постапување – предходните претставки, Советот утврди дека согласно член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози нема основ за постапување по преставката, заради што предметот се смета за завршен и истиот се архивира со службена белешка.

Претставка **УПП бр.08-293/1** од 29.07.2022 година - Во преставката се изразува незадоволство од начинот на спроведување на постапката за избор на судии поротници во Основниот граѓански суд Скопје. Судскиот совет на Република Северна Македонија по разгледување на преставката на седница на Советот одржана на ден 26.10.2022 година констатира дека преставката е неоснована. Имено, од содржината на преставката може да се утврди дека подносителот ја извршувал функцијата судијата поротник во Основниот граѓански суд Скопје. На последниот оглас за избор на судии поротници во наведениот суд не била повторно избрана за судија поротник. Поради наведеното во претставката подносителот изразува незадоволство од начинот на спроведување на постапката за избор на судии поротници во Основниот граѓански суд Скопје и од Советот бара разрешување на избрани судии поротници поради постоење на непотизам. Воедно, бара и повторно да биде избрана за судија поротник во овој суд. По разгледување на наводите од преставката, изјавата доставена од претседателот на Основниот граѓански суд Скопје и доказите доставени во приилог со одговорот Советот констатира дека нема директна надлежност за спроведување на барањата на подносителот. Имено, согласно член 36 став 1 алинеа 4 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот е надлежен да избира и разрешува судии- поротници. Согласно член 53 став 1 и 2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот избира и разрешува судии- поротници и го утврдува бројот на судии поротници по предлог на претседателот на надлежниот основен и апелационен суд, односно по предлог на судот во кој се избираат судиите поротници. Согласно чл.49 од Законот за судови, судија-поротник се избира за време од четири години и може повторно да биде избран. Согласно чл.80 ст.2 од Законот за судови – „постапката за престанок на функцијата на судијата поротник ја води Судскиот совет на РСМ по предлог на претседателот на судот“.Од цитираните законски одредби произлегува дека Советот само врши избор или разрешување на

судиите поротници. Целокупната постапка од распишувањето на јавниот оглас за избор на судии поротници, доставувањето на пријави од кандидати, уредноста на пријавите, односно исполнувањето на условите за избор или разрешување, бројот на судиите поротници на кои им истекува мандатот, потребата за распишување на оглас за избор на судии поротници, потребниот број на судии поротници кои треба да се изберат согласно објавен оглас е во надлежност и се спроведува од страна на судот во кој се избираат судиите поротници. По спроведената постапка претседателот на судот во кој се избираат или разрешуваат судии поротници со допис до Советот доставува предлог за избор или предлог за разрешување на судиите-поротници поради основите утврдени во Законот за судовите. По приемот на предлогот за избор или разрешување на судии поротници од одреден суд во Советот се разгледува предлогот врз основа на што се констатира дали се исполнети условите, за избор или разрешување од функцијата судија-поротник утврдени во чл.42 ст.2 и 3, чл.43 и чл. 80 ст.1 од Законот за судовите.Доколку се утврди дека се исполнети условите за избор или разрешување на судии пототници на првата наредна седица на Советот се врши избор или разрешување од функцијата судија-поротник. Во конкретниот случај подносителот на преставката се пријавил на јавниот оглас за избор на судии поротници во Основен граѓански суд Скопје објавен од судот на ден 08.06.2022 година. При проверка на поднесената документација и доставените прилози од страна на судот е констатирано дека пријава е неуредна и непотполна од кои причини Основниот граѓански суд Скопје не доставил предлог до Судскиот совет за избор на подносителот на преставката за судија поротник. Врз основа на утврденото Советот најде дека претставката е неоснована.

Претставка **УПП бр.08-300/1** од 05.08.2022 година - Во претставката се изразува незадоволство од постапувањето на судија од Основниот суд Гостивар поради сомневање дека долг временски период не изготвил решение за прекин на постапката ВПП 1 бр.19/15. Судскиот совет на Република Северна Македонија по разгледување на преставката на седница на Советот одржана на ден 26.10.2022 година констатира дека преставката е неоснована. По направените извиди, разгледување на наводите од преставката, изјавата доставена од судијата и доказите доставени во прилог со изјавата Советот го констатира следното: - Во предметната постапка ВПП 1 бр.19/15 подносителот на преставката нема својство на странка. Имено, видно од доказите доставени во прилог со одговорот на судијата - решение ВПП 1 бр.19/15 за прекин на

постапката донесено од Основен суд Гостивар на 15.03.2016 година произлегува дека странки во постапката се лицето Драган Степанов, во својство на предлагач и Република Македонија во својство на противник.Предметниот судија постапувајќи по предметот на ден 15.03.2016 година донел решение ВПП 1 бр.19/15 за прекин на постапката иницирана по предлог на Степанов Драган од Скопје против противникот Република Македонија поради решавање на претходно прашање, односно правосилно завршување на постапка за легализација на бесправно изграден објект заведена под бр.13-211/1 од 03.02.2014 година, за која постапка ниту една од странките не побарала постапката да продолжи. Продолжување на постапката не е побарано од причини што во тек е друга постапка за уредување на начин на користење на недвижен имот која се води под број ВПП 1 2/22 и која се наоѓа во фаза на жалбена постапка.Од наведеното произлегува дека во конкретниот предмет судијата постапувал согласно законските одредби и во континуитет превземал дејствија уредно и благовремено, односно дека во законски утврдените рокови донел решение за прекин на постапката. Со оглед на околноста што подносителот на преставката нема својство на странка во наведената постапка ВПП 1 бр.19/15 не постоела ниту обврска на судот за достава на решението за прекин на постапката до подносителот од кои причини истиот и не бил во можност да има увид по однос на благоременоста на донесување на решението од страна на судијата. Врз основа на утврденото Советот најде дека претставката е неоснована.

Претставка **УПП бр.08-317/1** од 25.08.2022 година - До Судскиот совет на Република Северна Македонија од страна на Министерството за правда препратена е претставка поднесена од адвокат- полномошник на неколку доверители во стечајната постапка на Еуростандард банка. Во преставката се изразува незадоволство поради непочитување и неспроведување на Уставна одлука У.бр.247/2020-1 од 25.05.2021 година од страна на носителите на извршната и судската власт. Судскиот совет на Република Северна Македонија по разгледување на преставката на седница на Советот одржана на ден 26.10.2022 година констатира дека преставката е неоснована. Имено, согласно надлежностите на Судскиот совет на Република Северна Македонија, регулирани со чл.36 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ, бр.102/19), Советот е единствено надлежен да ја следи и оценува работата на судиите и судовите во Република Северна Македонија, како и да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на

судиите, претседателите на судовите и судовите. Од содржината на писменото поднесено од подносителот на преставката може да се утврди дека во истото не изразува незадоволство од работата на конкретен судија или суд. Имено, по разгледување на писменото Советот утврди дека во конкретниот случај не станува збор за претставка во која се изразува незадоволство од работата на конкретен судија, по конкретен предмет, туку за непочитување и неприменување на одлука донесена од Уставниот суд, од страна на извршната и судската власт. Поаѓајќи од изнесеното, Советот утврди дека на писменото поднесено од подносителот на преставката, неможе да му се даде третман на претставка која спаѓа во надлежност и по која би постапувал Судскиот совет на Република Северна Македонија од причини што станува збор за одлука на друг орган чии одлуки се Согласно со наведеното, Ве известуваме дека претставката е неоснована.

Претставка **УПП бр.08-332/1** од 14.09.2022 година – Во преставката се изразува незадоволство од постапувањето на судија на Основен суд Гостивар по предметот К.бр.33/19. Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката ја разгледа истата на седницата на Советот одржана на ден 26.10.2022 година. Судскиот совет на РСМ нема надлежност да се впушта во испитување, преиначување, менување, укинување или толкување на одлуките донесени од страна на судовите. Согласно одредбите од Законот за судовите, такво право има само надлежен суд кој во постапка пропишана со закон може да ја преиспита судската одлука. Во конкретниот случај доколку подносителот на преставката е незадоволен од првостепената одлука може да го искористи правото на контрола на донесената првостепена одлука со поднесување на жалба до второстепениот суд, во случајов Апелациониот суд Гостивар кој единствено може да ја менува или укинува првостепената одлука во постапка пропишана со закон. Врз основа на утврденото Советот најде дека преставката е неоснована.

Претставка **УПП бр.08-336/1** од 26.09.2022 година - Во преставката се изразува незадоволство од начинот на постапување на Управниот суд по предметите У-1 бр.428/2019 и У-1 бр.429/19 и Вишиот управен суд по предметите УЖ-1 бр.159/22 и УЖ-1 бр.139/22. Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката и расправа по истата на седница на Советот констатира дека преставката е неоснована. Судиите на Управниот суд кој постапувале по предметот во прв степен и судиите од Вишиот управен суд кои одлучувале во жалбена постапка, одлуките ги донеле врз основа на оцена на сите

околности и докази во согласност со Законот за управни спорови. Донесените одлуки се јасни и содржат доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководеле судиите при донесување на одлуките.Од увидот во одлуките за кои се однесува преставката, се утврди дека Управниот суд кој постапувал по тужбите У-1 бр.428/2019 и У-1 бр.429/19 откако утврдил дека истите се неуредни со писмено барање од 04.11.2019 година за предметот У-1 бр.428/19, односно со писмено барање У-1 бр.429/2019 од 16.01.2020 година побарал истите да ги уредите во рок од 8 дена по приемот на барањето, со појаснување во која насока за се изврши уредувањето и укажување на последиците од непостапувањето. Со оглед да од страна на подносителот на преставката не било постапено по барањето, Управниот суд тужбата ја отфрлил како неуредна. Во предметот У-1 бр.428/19 по два неуспешни обиди за доставување на писменото за уредување на тужбата судот го повикал подносителот на преставката преку огласна табла. По истекот на рокот од 8 дена подносителот не се јавил на поканата и не постапиле по задолжениеto на судот. Согласно одредбите од Законот за судовите, судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Судскиот совет на РСМ нема надлежност да се впушта во испитување – преиначување, менување или укинување на одлуките донесени од страна на надлежните судови. Во конкретниот случај неспорно е дека подносителот на преставката го искористил правото на контрола, односно првостепените одлуки по повод изјавени жалби биле на преоцена пред Вишиот управен суд, кој врз основа на сите факти и докази ги потврдил првостепените одлуки. Врз основа на утврденото Советот не најде елементи за нестручно и несовесно постапување на судиите по конкретните предмети.

Претставка **УПП бр.08-344/1** од 29.09.2022 година - До Судскиот совет на Република Северна Македонија, со претставка се обрати Љубомир Ецкоски од Перт Австралија. Судскиот совет на Република Северна Македонија, ја разгледа преставката на седница на Советот одржана на ден 26.10.2022 година и го констатира следното: При проучување на преставката констатирано е дека станува збор за преставка во која подносителот нема наведено адреса на живеење на територијата на РСМ ниту друг елемент кој би овозможил контакт со истиот, ниту има наведено конкретно барање за конкретен предмет. Видно од содржината станува збор за преставка со конфузна содржина, со нејасни и неповрзани наводи кои претежно се однесуваат на предмети или акти од 1977 година, 2015 и 2016 година. 1968 и 1969 година....без

конкретно барање. Имајќи го во предмед наведеното пред се околноста дека подносителот не доставил адреса на живеење од РСМ која би послужила како можност да се стапи во контакт со истиот и да му се испрати барање за уредување на преставката, Судскиот совет на Република Северна Македонија констатира дека нема објективни можности за постапување по преставката. Поради изнесеното предметот да се смета за завршен и истиот да се архивира со службена белешка.

**5.** Претседателот на Советот Павлина Црвенковска му даде збор на членот на Советот **МИРСАД СУРОЈИ** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 13 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Претставка **УПП бр.199/2022**. Во претставката подносителот изразува незадоволство од постапување по предметот П1.29/19 (стар број П1.19/17) на Основен суд Велес. Наведува дека судијата ја одовлекува постапката, уште од 2017 година, кога на рочиштето од 27.10.2017 година не го одбила тужбеното барање пради не присуствување на тужителката , ниту полномошникот.

Видно од изнесеното укажува дека судечкиот судија ја одовлекувал постапката со самото тоа што 9 месеци не донесол одлука за повлекување на тужбата кое е поднесено по барање на тужителот на рочиште одржано на 31.10.2019. Исто така, за увид на лице место од 01.07.2021 година нема записник 10 месеци.

По направените извиди во наводите по преставката, како и согласно изјавата добиена од судијата кој постапувал во предметот, Советот најде дека Апелациониот суд Скопје ја укинал првичната пресуда П1 19/17 со решение ГЖ. Бр. 4008/19 од 12.09.2019 гдоина со напатствија да изврши супер вештачење. До ден денес не е завршен предметот со образложени од страна на судечкиот судија

дека поради пандемијата во РСМ увидот бил извршен на 01.07.2021 година . Поради судската ферија и користење на годишни одмори на вештаците не е изработен записник.

Видно од наводите во преставката и изјавата на судијата, како и со оглед на ваквиот однос од страна на судијата во постапка која се води од 2017 година и начинот на постапување на судијата со предметот П1.29/19 (стар број П1.19/17), произлегува дека преставката е основана.

Со оглед на ваквите околности, ставот на Советот е оваа преставка да биде проследена до Координаторот надлежен за следење на работата на Основниот суд Велес, со цел да биде запознат со работата на овој судија и евентуални пропусти во нејзиното постапување, како и следење на предметот во иднина.

Претставка **УПП.бр.283/2022**. Подносителот наведува дека на ден 14.07.2022 година околу 18 часот пред неговата куќа бил застнат од судија /// од Апелационен суд Гостивар и му побарал објаснување зошто се жалел пред Судскиот совет на РСМ и дека воопшто не ја прочитал одлуката туку само ја потпишал, а воопшто не знаел за кого се работи, но секогаш сакал да им помогне на комшиите. Исто така му се заканил на подносителот дека работата нема да ја остави и ќе поднел кривична пријава за клевета. Подносителот му одговорил дека судиите треба да работат чесно и одговорно.

Од спроведените извиди и увидот во претставката Советот најде дека се работи за ситуација во која подносителот наводно добивал закани од судија бидејќи се жалел пред Судскиот совет на РСМ, за кое нешто Судскиот совет на РСМ не е надлежен туку за тоа се надлежни МВР и Јавното обвинителство.

Претставка **УПП.бр.304/2022**. Подносителот на барањето бил сосопственик на /// заштитно друштво ДОО Прилеп. Ова друштво имало неплатен данок кој се наплатил со пленидба и продажба на подвижни предмти - возила, но и покрај тоа останал уште неплатен долг спрема УЈП. За наплата на неплатениот долг УЈП донела решение бр.24-19/17-17 на 20.10.2014 година со кое бил задолжен должниковиот должник “Водомонтажа” ДООЕЛ Скопје во износ од 1.175.647,00 денари кој износ да го плати на УЈП и му се забранува да располага со паричните побарувања. Со ова решение бил расчистен правниот однос помеѓу /// заштитно друштво ДОО Прилеп и УЈП за наплата на данок. Спротивно на сето наведено УЈП донела решение бр.28-19-28/10-1на 22.05.2020 година со кое на подносителот му дава својство на даночен гарант кој гарантира наплата на даночниот долг од даночниот обврзник и подносителот бил задолжен да плати 287.775,00 денари и камата или вкупен долг

од 361.574,00 денари. Според подносителот со ова решение се оневозможува владеење на правото. На овие околности судиите воопшто не обрнале внимание при носењето на првостепната и второстепната пресуда по спорот кој бил заведен против решението со кое подносителот бил задолжен како даночен гарант. Управниот суд го извадил како доказ решението на УЈП од 20.10.2014 година, меѓутоа не утврдил ништо од него во фактичката состојба, ниту пак дал оценка и анализа или некакво образложение за ова решение. На ист начин постапил и Виштиот управен суд Скопје со пресудата УЖ-3.бр.405/2022 од 06.05.2022 година. Бидејќи се работело за решение од 2020 година за правен однос регулиран во 2014 година односно за веќе одлучено барање, на овие околности судот требал да внимава по службена должност односно судовите не се произнеле за истите во своите одлуки.

Од спроведените извиди, увидот во претставката и прилозите на истата, Советот најде дека со донесувањето на пресудата на Вишиот управен суд Скопје УЖ-3.бр.405/2022 од 06.05.2022 година, искористени се сите инстанци и сите правни лекови во постапката заради што истата е правосилно завршена.

Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет на РСМ нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Претставка **УПП бр.310/2022**. Во преставката е наведено дека судиите од Апелационен суд Скопје постапиле спротивно на законските одредби, односно не донесле Одлука по жалба на Решение за продолжување на мерка куќен притвор во закконски рок согласно член 169 став 4 од ЗКП.

Советот прибави изјава од Апелационен суд Скопје по предметот КС.бр. 165/22 на Основен кривичен суд Скопје и констатира дека истиот е доставен по жалба до вишиот суд на 28.07.2022 година и е заведен под КСЖ -440/22. Од страна на советот на Апелационен суд е донесена второстепена одлука на 09.08.2022 година и истата е достаена до Основен кривичен суд Скопје на 11.08.2022 година.

Претставка **УПП бр.322/2022**. Во преставката е наведено дека незаконски постапил извршителот, судијата од Основен суд Гостивар што го одбиле приговор за налог за извршување како неоснован, а судиите од Апелационен суд Гостивар што ја одбиле жалбата како неоснована. Во истата укажува дека во прашање е криминално, пристрасно и корумпирано постапување на извршител и судечките судии.

Согласно член 11 од Законот за судовите судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оценка на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршење на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект, а Советот не е надлежен да менува судски одлуки.

Врз основа на погоре изнесеното и направени извиди во наводите, преставката е неоснована, а судиите постапувале согласно законските одредби, па отаму нема основ за одговорност на судиите.

По направени извиди во наводите по преставката за незаконско постапување на извршителот, станува збор за наводи по прашања поврзани со надлежно постапување на друг орган и оцени дека нема надлежност да се произнесе по однос на истите.

Претставка **УПП бр.329/2022**. Во преставката подносителот изразува незадоволство од постапување на судечкиот судија по предмет 15-П4-223/20 од Основен граѓански суд Скопје. Во истата укажува на неажурност на судечкиот судија дека до денот на поднесување на преставката нема донесено и објавено пресуда. Исто така, подносителот во преставката наведува дека судечкиот судија донесува пресуда по предметот согласно член 11 став 3 од ЗПП (Во парничната постапка судот во однос на постоењето на кривично дело и кривична одговорност на сторителот е врзан за правосилната пресуда на кривичниот суд со која обвинетиот се огласува за виновен). Од погоре изнесеното видно е дека преставката е нејасна со конфузни и контрадикторни аргументи.

По направените извиди во наводите по преставката, како и согласно добиената изјава од судијата кој донесол пресуда 15.П4-223/20 со која тужбеното барање им е одбиено како неосновано, Советто констатира дека наводите во преставката претставуваат жалбени наводи по кои не е надлежен да постапува. Подносителот истото можел да го истакне во жалбена постапка пред надлежен второстепен суд.

Воедно, се констатира дека во конкретниов случај наводите во преставката не кореспондираат со фактичката состојба, па врз основа на погоре изнесеното, преставката е неоснована, а судијата постапувале согласно законските одредби, па отаму нема основ за одговорност на судијата.

Претставка **УПП бр.338/2022**. Во претставката подносителот – адвокат од Скопје изразува незадоволство од постапување по предметот РО-926/19 на Основен граѓански суд Скопје. Видно од изнесеното укажува дека постапката е сеуште во фаза на подготвително рочиште, а до поднесување на претставката – 3

години одржани се 13 рочишта. Наведува дека предметот сега е распределен кај друг судија, со оглед на тоа што претходниот судија кој постапувал по предметот ги исполнил условите за старосна пензија, а со оглед на тоа што еден од доказите е од строго доверлив карактер судијата е неопходно да поседува безбедносен сертификат, што е и причина за одолговлекувањето на постапувањето по предметот.

По направени извиди во наводите по претставката, Советот најде дека подносителот поднел повеќе претставки за различни предмети, со исти наводи – одолговлекување на постапувањето по предметите поради немање безбедносен сертификат на судиите.

Советот прибави изјава од судечкиот судија по предметот РО-926/19 и констатира дека истиот е распределен во Одделот за работни спорови сметано од 01.01.2022 година. Првично било закажано подготвително рочиште за ден 23.02.2022 година кое било одложено поради изолација на полномошникот на тужениот, поради што подготвителното рочиште е одложено за ден 29.06.2022 година.

На ден 20.04.2022 година на судечкиот судија му истекла важноста на безбедносниот сертификат, а пред истекот на претходниот веќе било поднесено ново барање за издавање на безбедносен сертификат која постапка сеуште е во тек. Од тие причини одложено е рочиштето закажано за 29.06.2022 година.

**6.** Претседателот на Советот Павлина Црвенковска му даде збор на членот на Советот **ВЕСНА ДАМЕВА** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот истакна дека претставката УПП бр. 08-349/22 се повлекува за доработка.

*Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека членот на Советот Мирсад Сурои ја напушти седницата од оправдани причини.*

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Претставка **УПП бр.08-319/1** од 13.09.2022година Подносителот во претставката изразува незадоволство од постапувањето на судијата од Основен суд Велес, по предметот К.бр.429/20. Во претставката наведува дека постапката се одоговлекувала, се водела пристрасно и на штета на подносителот, при што била донесена незаконита и пристрасна одлука, а кај подносителот постоел и сомнеж за злоупотреба на АКМИС системот и дека тужбата била намерно доделена во работа на судијата. Воедно, наведува дека изјавената жалба после подолг временски период била доставена на одлучување во Апелациониот суд Скопје. Советот спроведе извиди во рамките на законските надлежности и прибави изјава од судијата . Видно од изјавата на судијата се утврди дека постапката се водела континуирано, при што објективни се причините за одлагање на закажаните главни расправи, а против донесената одлука имате изјавено жалба, па второстепениот суд како надлежен ќе ја преиспита и оцени првостепената одлука, во смисла на чл.13 ст.3 од Законот за судовите, каде е предвидено дека судска одлука може да менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Во врска со наводите дека се одолговлекувало доставувањето на жалбата на одлучување, Советот видно од изјавата на судијата утврди дека исто така објективни се причините, со оглед дека претходеле процесни дејствија пред истата да биде доставена на одлучување во Апелациониот суд Скопје. Сомнежите за наводна злоупотреба на АКМИС системот при доделувањето на овој предмет се паушални и непоткрепени со докази, а во контекст на ова е и фактот што автоматската распределба на предметите го исклучува човечкиот фактор и ги оневозможува можностите за попречување и мешање во постапката по конкретен предмет. Впрочем, Доколку подносителот се сомневал во пристрасно водење на постапката имал законска можност да го искористите институтот изземање, кое нешто не е сторено од негова страна. Врз основа на сето погоре наведено, Советот најде дека наводите изнесени во претставката се неосновани.

Претставка **УПП бр.08- 326/1** од 14.09.2022година. Подносителот во претставката изразува незадоволство од постапувањето на судијата од Основен суд Кочани, по предметот К.бр.250/19 нов број К.бр.147/21 во смисла на донесената одлука.

Советот спроведе извиди во рамките на законските надлежности и прибави изјава од судијата. Видно од изјавата на судијата се утврди дека најпрвин била донесена одлука со која обвинетиот е осуден во отсуство и изречена му е казна затвор, која пресуда била укината од Апелациониот суд Штип, и во повторената постапка постапувајќи по напатствијата на Апелациониот суд Штип судијата донел пресуда со која обвинетиот го ослободил од обвинение. Против пресудата била изјавена жалба, па Апелациониот суд Штип одлучувајќи по истата ја одбил жалбата како неоснована и првостепената пресуда ја потврдил. Со оглед дека во конкретниот случај се изразува незадоволство од судска одлука, Советот утврди дека законитоста на првостепената одлука била ценета од страна на повисокиот суд, во смисла на чл.13 ст.3 од Законот за судовите, каде е предвидено дека судска одлука може да менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Врз основа на сето погоре наведено, Советот најде дека наводите изнесени во претставката се неосновани.

Претставка **УПП бр.08-335/1** од 19.09.2022 година Подносителот во претставката изразува незадоволство од постапувањето на судијата од Основен суд Тетово, по предметот П4-214/21. Советот спроведе извиди во рамките на законските надлежности и утврди дека судијата против кого е поднесена претставка веќе не е активен судија, бидејќи со одлука на Советот му е констатиран престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија на ден 30.06.2022 година. Од содржината на претставката се утврди дека предметот е во жалбена постапка, па во конкретниот случај законитоста на донесената одлука ќе биде ценета од страна на повисокиот суд, во смисла на чл.13 ст.3 од Законот за судовите, каде е предвидено дека судска одлука може да менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Врз основа на сето погоре наведено, Советот најде дека наводите изнесени во претставката се неосновани.

**7.** Претседателот на Советот Павлина Црвенковска му даде збор на членот на Советот **МИЉАЗИМ МУСТАФА** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

*Процедурално за збор се јави претседателот на Советот Павлина Црвенковска и истакна дека се иззема од расправата и одлучувањето по претставката УПП бр. 08-661/21 од причини кои*

*можат да ја доведат во прашање непристрасноста и објективноста при одлучувањето.*

*Се констатира дека претседателот на Советот Павлина Црвенковска ја напушти седницата во периодот на реферирање и одлучување по претставката УПП бр. 08-661/21 од претходно наведените причини и со седницата во тие моменти раководи заменик претседателот на Советот Селим Адеми.*

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

Во врска со преставката УПП бр. 08-661/21 гласањето се издвои и се констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот на известителот е усвоен.

Во продложение се спроведе гласање за останатите предлози на известителот. По гласањето се констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлозите на известителот се усвоени и донесена е следната:

**О Д Л У К А**

Претставка **УПП бр.08-661/21** се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен граѓански суд Скопје по предмет СТ-11/19, нов СТ-166/21.Од прибавена изјава на судијата кој постапувал по предметот произлегува дека во рамки на стечајната постапка над стечајниот должник бил изготвен план за реорганизација од страна на стечајниот управник врз основа на иницијатива на подносителот и со решение СТ-11/19 овој суд го одобрил планот на реорганизација. Апелациониот суд Скопје во жалбена постапка го укинал првостепеното решение и предметот го враќа со укажување за потребата да се изврши преоцена на околности дали планот за реорганизација бил подготвен согласно закон во смисла на член 234 став 1 т.6 од Законот за стечај. При повторно постапување првостепениот суд предвид дадените укажувања од непосредно повисокиот суд донел решение СТ-166/21 од од 05.11.2021 година со кое не го одобрил планот за реорганизација подготвен од страна на стечајниот управник од причини наведени во образложението на судската одлука.

Апелациониот суд Скопје во жалбена постапка донел решение ТСЖ-147/22 од 11.02.2022 година со го потврдил првостепеното решение СТ-166/21. Предвд наведеното во однос на функционалноста и остварување на предложениот план за реорганизација, првостепениот суд постапувајќи согласно на укажувањата од непосредно повисокиот суд во жалбена постапка при повторно постапување констатирал постоење на фактички и правни пречки во реализација на планот.Наводите за донесената одлука и постапувањето на првостепениот суд биле жалбени наводи и истите повисокиот суд го оценил како неосновани.

Во однос на наводите за наводен криминал при водење на стечајната постапка Советот најде дека се паушални наводи без нивно прецизирање како во однос на дејствијата така и во однос на правната кавлификација .

Наводите дека поголем број поранешно вработени немале да имаат можност да остварат работен ангажман, согласно на укажаното од изјавата на судијата дека престанокот на нивниот работен однос претставува правна последица од отварањето на стечајната постапка и одговорноста за истото не треба да се бара во судот, туку во поранешната управувачка структура на стечајниот долчник која со начинот на управување со должникот предизивикала негова состојба на инсолвентност и отварање на стечај над истиот, Советот најде дека се неосновани. Ова предвид да стечајната постапка има единствена цел –колективно намирување на побарувањата на доверителите согласно член 3 став 1 од Законот за стечај, така што социјалната компонента на зачувување на работните места не е во доменот на стечајната постапка.

Претставка **УПП бр.08-137/22** се изразува незадоволство од субјективност и незаконитост во работењето на судии на Апелациониот суд Скопје кои одлучувале во жалбена постапка по предмет на Основен граѓански суд Скопје СТ-11/19 нов СТ -166/21. Од прибавена изјава на судиите кои постапувале по предметот произлегува дека наводите се паушални и неосновани. Во рамки на стечајната постапка бил изготвен план за реорганизација од страна на стечајниот управник врз основа на иницијатива на подносителот и Основниот граѓански суд Скопје со решение СТ-11/19 го одобрил планот на реорганизација. Апелациониот суд Скопје во жалбена постапка го укинал првостепеното решение и предметот го враќа со укажување за потребата да се изврши преоцена на околности дали планот за реорганизација бил подготвен согласно закон во смисла на член 234 став 1 т.6 од Законот за стечај. При повторно постапување првостепениот суд предвид дадените укажувања од непосредно повисокиот суд донел решение СТ-166/21 од од

05.11.2021 година со кое не го одобрил планот за реорганизација подготвен од страна на стечајниот управник од причини наведени во образложението на судската одлука. Апелациониот суд Скопје во жалбена постапка донел решение ТСЖ-147/22 од 11.02.2022 година со го потврдил првостепеното решение СТ-166/21. Од прибавена изјава на судиите кои постапувале по предметот произлегува дека наводите се паушални и неосновани, а тврдењата дека поранешните вработени ќе ги известат медиумите и ќе организираат протести се директен притисок за донесување на одлука по желба на странките, а не согласно закон. Во претставката се дава хронологија на текот на постапката како и свое толкување на Законот за стечај. Ваквите наводи биле предмет на оценка од страна на советот на овој суд и донесена одлука со примена на одредбите од Законот за стечај. Ова согласно член 13 став 3 од Законот за судовите според кој судската одлука може да ја менува иили укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон

Претставка **УПП бр.08-186/22** се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен суд Радовиш по предмет П1-29/17.Од прибавена изјава на судијата кој постапувал по предметот произлегува дека Апелациониот суд Штип во жалбена постапка по жалба изјавена од подносителот на претставката -тужител во предметот на Основен суд Радовиш П1-29/17, донел пресуда ГЖ-121/19 од 06.02.2019 година со која жалбата се одбива како неоснована, а првостепената пресуда се потврдува. Предметот е завршен и архивиран на 07.05.2019 година. Наводите во претставката се поради незадоволство од одлуката на Основен суд Радовиш донесена во повторена постапка согласно укажувањата и напатствијата на повисокиот суд, за обемен сложен предмет со многу докази кои се ценети како од посочениот судија и истите се потврдени од страна на Апелациониот суд Штип.наводите во претставката се неосновани.

Претставка **УПП бр.08-271/22** се изразува незадоволство од одлука на Апелационен суд Скопје ГЖ-1295/20 со која се задолжува малолетното лице како тужител да ги надомести трошоците на жалбената постапка спрема прво и второтужениот.Од прибавена изјава од советот на судии на Апелациониот суд Скопје кои постапувале по предметот оформен по жалба на првотужениот и второтужениот против пресуда на Основен граѓански суд Скопје МАЛВП-1921/19 од 29.01.2020 година во делот на трошоците каде судот ги задолжил да платат на тужителот нематеријална штета во износ од предизвикана од угриз на куче скитник и да ги надоместат трошоците на постапката. Апелациониот суд Скопје со одлука ГЖ-1395/20 од 03.03.2021година жалбите делумно ги усвоил, така што

првостепената пресуда ја преиначил и досудил надомест на нематеријална штета, па со оглед дека ја преиначил одлуката овој суд бил обврзан да одлучи повторно за трошоците на постапката и го задолжил тужителот да ги надомести трошоците на жалбената постапка.Претставката е неоснована затоа што во жалбената постапка првотужениот и второтужениот успеале во делот на материјалното право и висината на досудените трошоци е согласно на успехот во спорот, одредбите на ЗПП и Тарифата за адвокати, и да тужителот не е оштетен бидејќи досуден му е надомест на нематеријална штета со камата.

Претставка **УПП бр.08-291/22** се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен суд Битола по предмет К-520/19. Од прибавена изјава на судијата кој постапува по предметот произлегува дека предметот по обвинителен акт против обвинетата пред Основниот суд Прилеп се води од 2013година која одлука била укината од страна на Апелациониот суд Битола со решение КЖ-671/17 од 24.09.2018 година и определена надлежност на Основниот суд Битола, бидејќи Основниот суд Прилеп се изземал по наведениот предмет.Предметот пред Основен суд Битола е заведен по К-520/19 и донесена пресуда на 01.03.2022година, која е потврдена во целост од страна на Апелациониот суд Битола со пресуда КЖ-282/22 од 15.07.2022година за продолжено кривично дело "Измама" од член 247 став 1 вв став 3 ,а казниво по став 4 вв со член 45 од КЗ. Се наведува дека во текот на целата постапка бранителот на обвинетата не доаѓал на закажаните расправи и праќал поднесоци за одлагање пред секоја расправа како би се одлоговлекувал предметот за да застари кривичното гонење , а истото го прави и обвинетата со поднесување барања пред закажаната расправа за изземање на Претседателот на судечкиот совет, за изземање на Претседателот на судот, за изземање на сите јавните обвинители , па со оглед да бранителот не доаѓал на расправи, а за ова кривично дело одбраната е задолжителна, судот согласно одредбите на ЗКП за да се одржи главен претрес поставил бранител по службена должност и согласно напатствијата на повисокиот суд донел осудителна пресуда . Се наведува дека судот е врзан со описот на обвинението а не со правната класификација на истото. Во конкретниот случај за обвинетата е покренат обвинител акт каде казната е од една до десет години и се суди во совет од претседател на совет и двајца судии поротници, а доколку беше како што наведува подносителот во претставката дека казната затвор е до пет години ќе беше поднесен обвинител предлог и ќе го судеше судија поединец и во тој случај кривичното

гонење ќе беше застарено.Предвид наведеното наводите се неосновани.

Претставка **УПП бр.08-311/22** се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен суд Охрид по предмет К-187/22 .Од прибавена изјава на судијата произлегува дека предметот К-187/22 заведен пред Основниот суд Охрид за кривично дело“ Загрозување на сигурноста“ по член 144 став 3 вв став 1 од КЗ, а по поднесен обвинителен предлог КО бр.315/20 од 20.06.2022година на ОЈО Охрид .Судот закажал главна расправа на ден 21.09.2022 година, други дејствија не се превземени, постапката е во тек, а чиј исход подносителот треба да го сочека и доколку е незадоволен од донесенета одлука да го оствари правото на жалба пред повисокиот надлежен суд.

Претставка **УПП бр.08-320/22** се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен суд Велес по предметите К-278/20, К-188/21 и К-440/21.Од прибавена изјава на судијата кој постапувал по предметитепроизлегува дека пред Основниот суд Велес предметот К-278/20 е оформен по обвинител предлог на ОЈО Велес од 30.06.2020 година за кр.дело Сквернавење на гроб од член 400 став 1 од КЗ. По одржана расправа на ден 23.11.2020 и 14.12.2020 година Основниот суд Велес донел пресуда К бр.278/20 од 14.12.2020 година со која обвинетите се огласени за виновнии им е изречена алтернативна мерка условна осуда и на подносителот му е утврдена казна затвор во траење од 3 месеци и истовремено му е определно дека казната нема да се изврши доколку обвинетиот во време од 1 година не стори ново кривично дело. Со пресуда КЖ-153/21 од 11.05.2021 година на Апелациониот суд Скопје по изјавена жалба од подносителот и по службена должност, првостепената пресуда се укинува и предметот се враќа на повторно судење. При повторно судење оформен е предмет К-188/21 и со решение од 20.09.2021 година врз основа на член 352 од ЗКП се запира кривичната постапка против обвинетите затоа што Јавниот обвинител пред почеток на главната расправа се откажал од обвинителниот предлог. Решението станало правосилно на 04.11.2021година, а извршно на 22.11.2021 година.По приватна тужба за кр дело Кражба од член 235 став 2 вв став 1 вв член 22 од КЗ офрмен е предмет К-440/21 по кој донесена е пресуда на 04.04.2022година со која обвинетите с е огласени за виновни и им е изречена алтернативна мерка условна осуда така што им е утврдена казна затвор во траење од 3 месеци и истовремено им се определува дека казната нема да се изврши доколку обвинетиот во време од 1 година не сторат ново кривично дело. Апелациониот суд Скопје со пресуда КЖ-570/22 од 06.07.2022 година по изјавена

жалба од обвинетиот ја потврдил првостепената пресуда.Постапувањето на судечкиот судија по предметите К-278/20, К-188/21 и К- 440/21 во кои подносителот е осудено лице се должи на автоматско доделување на предмети преку Акмис системот во судот .Во однос на тоа дали првостепената пресуда е правилно и законито донесена одлучува второстепениот суд, кој во жалбена постапка е единствено надлежен да ја испитува правосилноста и законитоста на одлуката во прв степен, согласно член 13 став 3 од Законот за судовите .Предвид наведеното, наводите во претставката се неосновани.

Претставка **УПП бр.08-327/22** се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен суд Куманово по предметот П1-110/21 .Од прибавена изјава на судијата кој постапувал по предметот произлегува дека пред Основниот суд Куманово поднесена е тужба со посебен предлог за издавање на привремена мерка, по основ нарушено владение. Предлогот за издавање привремена мерка е заведен под П1-110/21, а тужбата под П1-111/21.По предметот П1-110/21 со решение од 11.11.2021година судот го усвоил предлогот за издавање на привремена мерка , против кое изјавена е жалба која со решение ГЖ-79/22 од 20.01.2022 година на Апелациониот суд Скопје е одбиена како неоснована, а првостепеното решение е потврдено.На ден 23.03.2022 година тужените поднеле барање до Претседателот на Основен суд Куманово да се укине привремената мерка донесена со решение П1-110/21, да се запре постапката и да се укинат спроведените дејствија, бидејќи доверителот не ја оправдал привремената мерка со соодветна судска постапка, која е прекината со решение П1-111/21 со оглед да предметите П1-110/21 и П1-111/21 се споени.Барањето на ден 11.04.2022 година е одбиено, а против истото изјавена е жалба , која со решение на Апелациониот суд Скопје ГЖ-1735/22 од 27.05.2022 година е уважена, првостепеното решение е укинато и предметот е вратен на повторно разгледување и одлучување. При повторно постапување со решение од 06.06.2022година барањето е усвоено, запрена е постапката и се укинати спроведените дејствија по дозволената привремена мерка определна со решение од 11.11.2021 година .Против ова решение изјавена е жалба од тужителот и предметот е во жалбена постапка, па наводите на подносителот ќе бидат предмет на испитување од страна на надлежен повисок суд.

**8.** Претседателот на Советот Павлина Црвенковска му даде збор на членот на Советот **ТАЊА ЧАЧАРОВА ИЛИЕВСКА** во

својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот истакна дека претставката УПП бр. 08-343/22 се повлекува заради доработка.

Во продолжение известителот ги изложи пријавените претставки и истакна дека претставката УПП бр. 08-333/22 е основана.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа по излагањето на известителот.

По повод претставката УПП бр. 08-221/22 се разви дискусија.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека  независно на обласа на која се работи како судија се додека не се исцпрат сите судии кои постапувале по одреден предмет не се бара делегирање на друг суд.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека образложено е и најверојатно е пропуштено да се чуе или не е разбрано, бидејќи во спротивно нема да се постави прашањето.

Укажа дека предметот е прво доделен во работа на претседателот на судот кој покрај тоа што е претседател и суди. Кога е увидено кој е адвокат во постапката побарано е да се изземе. Кога е вратен предметот од Апелационен суд Штип доделен е во работа на судијата ЛД, кој исто така бара да се изземе и во дадениот момент нема друг судија кој може да постапува.

По повод претставката УПП бр. 08-233/22 се разви дискусија.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека  освен хронологијата кога е донесена првостепена пресуда, кога е донесена второстепена пресуда не е чуено во што се состојат наводите на подносителот на претставката.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и најпрвин упати прашање до останатите членови на Советот дали е разбрано нејзиното излагање. На добиениот потврден одговор посочи дека во тој случај ќе одговори само на колешката Лорета, бидејќи најверојатно не го прати излагањето внимателно.

Укажа дека наводите во претставката се состојат во тоа дека постапувале и одлучувале нестручно судиите од Апелациониот суд Скопје и дека е направена претходно организација да биде донесена одлука на штета на подносителот, бидејќи во случајот и покрај поднесеното барање за изземање на судечкиот Совет, изземени се само двајца судии, а еден од судиите останува и донесена одлука со која повторно е усвоена жалбата на тужениот и одлуката на првостепениот суд е преиначена, а подносителот е задолжен со трошоци на постапката.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и повторно упати прашање од што е незадоволна странката, кои се наводите во претставката?

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека наводите се штотуку прераскажани. Укажа дека не може да се измислува нешто друго од тоа што е наведено од подносителот. Посочи дека се пренесува тоа што стои во претставката, а тоа го има во материјалите за седница и може да се прочита.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека не разбрала што е незадоволството на странката.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека упати прашање до колешката Лорета дали е прочитана претставката, бидејќи има обврска да ја прочита. Укажа дека доколку е прочитана ќе се констатира дека тоа што е кажано е тоа што е напишано, друго нема. Не може да се измислуваат наводите, туку само се пренесуваат наводите на подносителот.

Посочи дека жали ако колешката не разбрала. Ако 12 членови на Советот разбрале, само колешкта не, проблемот е до колешката. Нагласи дека очигледно само колешката има проблем да разбере.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и наведе дека од претставката, од одговорот од претседателот на Апелациониот суд и излагањето на известителот може да се заклучи дека странката се сомнева во несовесно, незаконско постапување. Причината за тоа е што предметот по повторното враќање по жалба е работен во друг Совет, само е останат еден судија од претходниот Совет, а од одговорот што го дава претседателот на судот поради новиот распоред за работа останатите членови не работат на материјата и се преместени на

друга материја и поради тоа предметот е работен во поинаков Совет. Посочи дека основното незадоволство е од одлуката, со тоа што се сомнева од составот на Советот во којшто е работен. Нагласи дека друга причина ниту во претставката нити во излагањето не е утврдена.

По повод претставката УПП бр. 08-257/22 се разви дискусија.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека тука е сериозна работата и треба да се испита повеќе по однос на работата на судот по конкретниот предмет. Како е носено решение за повторување на постапка, без да се обезбеди лицето во државата. Кој носи решение да се запре извршување, а лицето уште не е донесено. Укажа дека судијата за извршување на санкции должен е веднаш да достави, уште по првото барање документација за екстрадиција. Посочи дека треба да се испита за сите актери како е дојдено воопшто да не се пратат документите и како е дојдено до тоа да се носи одлука за повторување на постапка и запирање, а лицето не е донесено во државата. Нагласи дека тоа се огромни трошоци за државата и таквото постапување не е законито.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека треба да се спроведат дополнителни иследувања, бидејќи се работи за предмет во врска со екстрадиција. На кој начин во отсуство се носени одлуките треба да е предмет на дополнителни иследувања.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека се отвора друга тема, друга динамика за тоа што се жалбени наводи, за одлуката дали е правилна или не. Укажа дека ако донесена одлука има право на жалба и ќе се произнесе повисокиот суд.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека координаторот треба да се задолжи со предметот, во насока на спроведување на дополнителни испитувања.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека како координатор за предметниот суд го прифаќа предлогот истакнат од колешката Мери.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека предметот не е зрел за одлучување и не треба во конкретната фаза да е предаден на координаторот. Укажа да спроведат дополнителни иследувања од страна на известителот. Посочи дека тоа е поцелисходно, отколку да се стави на гласање како основана или неоснована претставка.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека бидејќи има предлог кој не е конретен, да се направат дополнителни испитувања, упати молба до колешката Лорета да истакне за какви дополнителни испитувања станува збор. Укажа дека нема проблем во духот на совесно работење на Судскиот совет, само побара кога се истакнува предлог, да се конкретизира на што се мисли.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека предлогот е на колешката Мери.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе да се преиспитаат одлуките како се носени. Укажа дека цела постапка за екстрадиција е специфична. Може некое лице во странство да биде ослободено по 40 дена, а Советот нема ни одговор да бара, ни списи, нити ќе се има во вид дека лицето не е во државата, а постапката се повторува. Посочи дека за такво нешто не е чуено до сега.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека предлогот на известителот е да се одбие претставката како неоснована и апсолутно се согласува од причина што во конкретната фаза Судскиот совет нема што друго да прифати, бидејќи се работи за судска одлука. Имајќи го предвид писмото од Бирото за јавна безбедност, Сектор за меѓународна полициска соработка каде се наведени повеќе предмети, а и волјата на координаторот може целиот случај да се испита.

За збор се јави членот на Советот **Миљазим Мустафа** и наведе дека има работено во Сектор за меѓународна правна помош како државен советник и го познава текот на постапките. Не се согласи дека списите од Министерството за правда се добиени по 16 дена. Праксата е истиот ден кога е стигнато известувањето, истиот ден се прати до судот да се комплетира. Истакна дека се пријавува како доброволец во составот, да помогне по однос на конкретниот предмет.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека како координатор на предметниот суд и како резултат на изнесените дискусии побара од известителот по завршување на седницата да го предаде предметот со списите, во насока да се изврши комисиски пеглед.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и упати на сериозноста на работите, бидејќи уважено барање за повторување на постапка значи дека постапката се враќа во фаза на иницијален акт.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека кога има екстрадиционен притвор, покрај другите елементи коишто треба осудено лице да ги исполни е и давањето изјава дека ќе биде присутен во текот на постапката. Тоа може да се даде и во било која амбасада, не мора да е лично присутен, меѓутоа судот не издава меѓународна потерница, судот издава согласност до МВР за распишување на меѓународна потерница. Укажа дека одредени работи во моментот не се доволно испитани и јасни, но не во конкретната фаза, тоа ќе е предмет на анализа подоцна, бидејќи многу предмети ќе се отвараат.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека предлогот по однос на основаност или неоснованост на претставката е врз основа на извршените извиди кои стојат на располагање кога станува збор за одлучување по претставката. Од таа причина е коментарот во насока кога некој ќе предложи нешто, треба да предложи нешто конкретно, а не само паушално, колку нешто да се каже. Се согласи дека со оглед на сериозноста на материјата е потребно заради совеста и професионалноста во работењето да се направи контрола и да се изврши увид во предметите од посочената материја во судот. Укажа дека за тоа на седница треба да се донесе заклучок, да се формира работна група, а не дека известителот на претставката треба нешто понатаму да презема, но сепак одлуката е на Советот.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека сериозно е, бидејќи се упатува на повеќе предмети. Укажа дека од една страна станува збор за повторување на постапката, враќање во фаза на иницијален акт, од друга страна станува збор за потерница. Посочи дека ако е став дека не треба да продолжи известителот со дополнително иследување на предметот, тогаш да

се формира работна група, да се направи увид на предметите и да се достави извештај.

За збор се јави претседателот на Советот **Павлина Црвенковска** и наведе дека може претставката да се даде на кооридинаторот понатаму да ја проследи и доколку произлезат одредени индиции, одредени заклучоци од работата потоа понатаму нешто да се преземе. Укажа дека нема што друго да се прави со претставката, освен да се достави до координаторот на судот.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека ако се изгласа како неоснована претставката кои се наводите понатаму. Укажа дека не е зрело за одлучување и да се изгласа како неоснована претставката, туку да се повлече и понатаму да се процесуира или да се изгласа како основана.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека во досегашната пракса на Советот има куп претставки кои се затворени како неосновани, а координаторот е задолжен да спроведе понатамошни извиди.

*Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека членот на Советот Весна Дамева ја напушти седницата од оправдани причини.*

По повод претставката УПП бр. 08-333/22 се разви дискусија.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** и наведе дека предупредувањето дадено од судијата на одржаното рочиште, каде наместо да констатира го одложува рочиштето, судијата јасно укажува дека нема услови да се одржи рочиштето во терминот во кој е закажан, туку со 1 час задоцнување, што за странката тужител е доведување во нееднаква положба доколку судот донел одлука да се смета за повлечена неговата тужба, бидејќи рочиштето судот не го држел во закажаниот термин.

Укажа дека од друга страна сето наведено се жалбени наводи коишто подносителот ќе може да ги истакне пред второстепениот суд во однос на постапувањето на првостепениот суд.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе што во случај кога според одредбите од ЗПП има точно предвидени последици во случај на недоаѓање на тужителот којшто

е уредно поканет, а нема да го извести судот за причините за негово недоаѓање, како во конкретниот случај. Укажа дека бидејќи нити од судијата, ниту од наводите на подносителот не произлегува дека има на било каков начин од тужителот доставено изјава до судот дека е спречен да присуствува на закажаното рочиште, а се знае дека во судот не ретки се случаите кога рочиштата по час, час и половина се одложуваат подоцна од закажаниот термин, затоа што има претходна расправа во судот по друг предмет. Посочи дека предлогот е дека претставката е основана, а на Советот е да одлучи.

За збор се јави членот на Советот **Ханиф Зендели** и наведе дека размислува во ист правец со колешката Мирјана. Укажа дека има првен механизам каде може да се исправи, без разлика на тоа што расправата не е одржана во закажаниот термин.

За збор се јави членот на Советот **Зоран Герасимовски** и наведе дека го дели мислењето со колегите Ханиф и Мирјана.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

Во врска со преставката УПП бр. 08-257/22 гласањето се издвои и се констатира дека со 8 гласа „За“ и 3 гласа „Против“ предлогот на известителот е усвоен.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека се задолжува координаторот на предметниот суд со претставката УПП-08-257/22 со цел да спроведе понатамошни извиди и информира за истите.

Во врска со преставката УПП бр. 08-333/22 гласањето се издвои и се констатира дека со 5 гласа „За“ и 6 гласа „Против“ предлогот на известителот не е усвоен.

Во продложение се спроведе гласање за останатите предлози на известителот. По гласањето се констатира дека со 10 гласа „За“ и 1 глас „Против“ предлозите на известителот се усвоени и донесена е следната:

## О Д Л У К А

Претставка **УПП бр.08-221/22** од 16.05.2022 година и дополнување од 17.05.2022 година Подносител во претставката изразува незадоволство поради нестручно, несовесно и незаконито постапување на Претседателот на основен суд. Наведува дека по предметот П5-4/2021 на овој суд според извршениот распоред постапувала судија поединец се додека, на нејзино барање, не е изземена со решение од претседателот на Апелациониот суд Штип. Предметот потоа според распоредот бил доделен на постапување и одлучување на друг судија на овој суд. Според видување на подносителот, претседателот на судот сторил повреда на одредбите за изземање, односно постапил спротивно на член 55 од ЗПП, бидејќи иако веќе била изземена во овој судски предмет, сепак постапувала како претседател одлучувајќи по барањето за изземање на судијата и донела решение со која ја изземала од постапување по овој предмет, иако немало релевантни причини предвидени во член 64 од ЗПП. Претседателот го известил Апелациониот суд Штип дека поради постоење на причини од член 60 од ЗПП бара по овој предмет да постапува друг стварно надлежен суд, иако во Основниот суд Радовиш имало уште еден судија на кој можело да му биде доделен предметот. За ваквото постапување на претседателот на судот, подносителот ја известил и Адвокатската комора на РСМ, затоа што му било ускратено правото да застапува пред Основен суд Радовиш, бидејќи бил венчан кум на претседателот и не биле во добри односи со истата. Исто така, во дополнението на претставката наведува дека претседателот на Основниот суд, одлучувала и постапувала како судија за извршување на санкции во предметот КУИКП.бр.21/22 на Основен суд Радовиш и не побарала изземање, иако како бранител во тој предмет се јавувал како адвокат и дека сеуште бил нивни венчален кум и не бил во добри односи со Претседателката на судот. Советот спроведе извиди во рамките на законските надлежности и прибави изјава од судијата и од истата утврди дека по изземањето судијата во предметот П5.бр.4/21 истиот го доставила до Апелациониот суд Штип за определување на друг стварно надлежен суд од причина што судијата со Годишниот распоред за работа бил исклучен од граѓанската материја, работел само предмети од прекршочна материја и како судија на претходна постапка, а согласно измените на Законот за работните односи требал да се пензионира на 30.06.2022 година. Во врска со постапувањето по предметот КУИКП.бр.21/22, според Годишниот распоред за работа на Основниот суд Радовиш, претседателката на

судот покрај останатото работела  и како судија за извршување на санкции, па согласно автоматската распределба на предмети во судот бил оформен предметот КУИКП.бр.21/22. Во кој бил изготвен упатен акт од страна на Претседателката, со кој обвинетиот, осуден со правосилна пресуда К.бр.112/21 од 18.11.2021 година, на Основниот суд Струмица на казна затвор во времетраење од 6 месеци, требало да се јави во КПУ Затвор Струмица најдоцна до 05.05.2022 година до 12,00 часот. Упатниот акт бил уредно примен од осудениот на ден 18.04.2022 година. Меѓутоа, осудениот не се јавил во КПУ Затвор Струмица на ден 05.05.2022 година, а подносителот како негов бранител, молбата за одлагање до Основен суд Радовиш со препорачана пратка ја  доставил на 07.05.2022 година. Со оглед на фактот што молбата за одлагање на почетокот на извршувањето на казната затвор на осудениот била поднесена по истекот на законскиот рок, истата со решение КУИКП.бр.21/22 на Основниот суд Радовиш од 09.05.2022 година била отфрлена како неблаговремена. Советот утврди дека  во предметите КУИКП не станува збор за мериторно одлучување или донесување на пресуда во која би постоела евентуална пристраност и дека  треба да се земе во предвид и итноста на постапката и навременото постапување во конкретниот предмет. Исто така Советот го имаше во предвид и фактот што решението КУИКП.бр. 21/22 на Основниот суд Радовиш од 09.05.2022 година  е потврдено со решение на Кривичниот совет на Основниот суд Радовиш КС.КР.бр.39/22 од 02.06.2022 година. Врз основа на сето погоре наведено, Советот најде дека наводите изнесени во претставката се неосновани.

Претставка **УПП бр.08-233/1** од  31.05.2022 година. Подносителот во претставка изразува незадоволство од постапувањето на претседателот на Апелациониот суд Скопје, од судиите, по предметот ТСЖ.бр.358/22. Пред Основниот граѓански суд подносителот повел постапка за наплата на долг против друг правен субјект од Гостивар. Основниот граѓански суд Скопје со пресуда 15 ТС-109/16 од 31.10.2017 година го усвоил тужбеното барање. По изјавена жалба од тужениот, Апелациониот суд Скопје, ја усвоил жалбата и предметот го вратил на повторно одлучување пред првостепениот суд, кој со нова одлука 56 ТС-255/18 од 24.12.2021 година повторно го усвоил тужбеното барање. Тужениот ја обжалил оваа пресуда. Во претставката наведува дека сомнежот за несовено и непристрасно  постапување започнал во оваа фаза на постапката, бидејќи по поднесување на жалбата од страна на тужениот на организиран начин во Апелациониот суд Скопје, прво до претседателот поднел барање за изземање на

советот кој требал да постапи по овој спор. Понатаму наведува дека претседателот на Апелациониот суд Скопје, за 2 дена го уважил барањето на тужениот, па овој совет ја преиначил првостепената пресуда на начин што го одбил тужбеното барање и подносителот како тужител го задолжил да плати трошоци на постапката во износ од 623.192,00 денари. Понатаму наведува дека не му е нејасно од кои причини биле изземени судиите. Советот спроведе извиди во рамките на законските надлежности и прибави изјава од претседателката на Апелациониот суд Скопје. Од наведената изјава како и од извршениот увид во електронската апликација во Судскиот совет „ Контрола на судови“, Советот утврди дека предметот на Основниот граѓански суд Скопје ТС-109/16 по приемот во Апелациониот суд Скопје по пат на автоматска распределба бил доделен во работа на судија. По предметот било веднаш постапено и одлучено и истиот со сите списи е вратен на 29.11.2018 година, на повторно постапување пред Основниот граѓански суд Скопје, каде е презаведен под нов број ТС-255/18. По жалба на тужениот, предметот ТС-255/18 е примен во Апелациониот суд Скопје на 10.03.2022 година и по пат на автоматска распределба е доделен во работа на судија која сега постапувала во друг совет, бидејќи со Годишниот распоред за работа за 2022 година судијата била распоредена во Одделот за работни спорови. По предметот мериторно е одлучено на 04.05.2022 година. Советот ги имаше во предвид наводите за пристрасно постапување по предметот но утврди дека истите се паушални и непоткрепени со докази, па доколу подносителот се сомневал во пристрасноста на судиите можеле да го искористи институтот изземање, но во врска со овој предмет во Апелациониот суд Скопје немало поднесено и заведено барање за изземање ниту од судија, ниту од странка во предметот. Врз основа на сето погоре наведено, Советот најде дека наводите изнесени во претставката се неосновани. Од причина што, согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судска одлука може да менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, а согласно чл.11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект.

Претставка **УПП бр.08-257/1** од 17.06.2022 година. Подносителот во претставката изразува незадоволство од постапувањето на судија од Основен суд Тетово по КУИКП предмети за кои е издадена меѓународна потерница или

национални потерници. Во претставката наведува дека ИНТЕРПОЛ, Италија известил дека е упасен македонски државјанин кој се бара со потерници и дека од нивна страна било известено Министерството за правда, Сектор за правна помош да се достават документите за екстрадиција во рок од 40 дена. Но, дека судијата на Основен суд Тетово иако лицето не било сеуште екстрадирано издал наредба за повлекување на меѓународната потерница, што истата ја добиле од Интерпол Италија. По реакција на подносителот стапено било во контакт со судијата и му соопштиле дека не треба да се стопира меѓународната потрага туку да се достават документите за екстрадиција во рок од 40 дена. По истекот на 40 дена не биле доставени документите до Министерството за правда на Италија, па Интерпол Рим известил дека лицето е ослободено. Советот спроведе извиди во рамките на законските надлежности и прибави изјава од судијата и во истата се наведува дека Министерството за правда во врска со екстрадицијата прв пат се обратило до судот на ден 12.04.2022 година, после 16 дена од правосилноста на решението К.пов.бр.11/22 со кое било запрено извршувањето на казната изречена со пресудата на Основен суд Тетово К.бр.421/20 од 11.02.20221 година (правосилно 28.03.2022 ) за кој е оформен предметот КУИКП.бр.83/21, односно 14 дена по правосилноста на решението К.пов.бр.9/22 ( правосилно 30.03.2022 година) за кое било запрено извршувањето на казната изречена со пресуда на Основен суд Тетово К.бр.819/20 за кој бил оформен предметот КУИКП.бр.90/21. Осудениот во Италија бил уапсен на 03.04.2022 година, неколку дена по правосилноста на решенијата за повторување на кривичните постапки и запирањето на извршувањето на изречените казни по предметите КУИКП.бр.83/21, КУИКП.бр.90/21. Повлекувањето на наредбата за распишување на мегународна потерница и екстрадиција по однос на предметот КУИКП.бр.90/21 е извршено по запирањето на извршувањето на изречениете казни и пред примено барање на Министертсвото за правда. Меѓутоа, судијата наведува дека не е повлечена наредбата за распишување на меѓународна потерница и екстрадиција по предметот КУИКП.бр. 259/21. Врз основа на барањето на Министерството за правда бр.22-1252/22 од 07.04.2022 година оформен бил екстрадициски предмет ЕК.бр.2/22 за осудениот и преземените дејствија во овој предмет и динамиката на истите не спаѓале во кругот на работа на судијата за извршување на санкции, по однос на тоа дали бараните документи за екстрадиција се доставени во рок од 40 дена и судијата наведува дека за тоа треба да се произнесе лицето кое постапувало по овој предмет. По

предметите КУИКП.бр.82/21, 254/21, 227/21 и 24/21 била распишана централна потерница затоа што според висината на казните истите не подлежеле за распишување на Меѓународна потерница и екстрадиција Врз основа на сето погоре наведено, Советот најде дека наводите изнесени во претставката се неосновани.

Претставка **УПП бр.08-313/1** од 19.08.2022година. Подносителот во претставката изразува незадоволство од постапувањето на Основен кривичен суд Скопје по предметот К.бр.830/22 и донесената одлука во кој се одлучувало за кривично дело „Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот" чл.300 ст.2 в.в. со чл.297 ст.1 од КЗ, и бара да се оцени првостепената одлука како по однос на изречената кривична санкција против обвинетиот, така и во делот во кој затворскиот притвор била заменет со домашен притвор, а што резултирало со бегство на обвинетиот. Понатаму наведува дека против првостепената пресуда вложил жалба јавниот обвинител, но за жал, на расправата закажана пред Апелациониот суд Скопје за ден 21.07.2022 година истиот не се појавил во судот и не бил најден дома.

Советот спроведе извиди во рамките на законските надлежности и прибави изјава од судијата известител од Апелациониот суд Скопје и во истата е наведено дека по изјавена жалба на Основното јавно обвинителство против решението на Основниот кривичен суд Скопје К.бр.830/22 од 17.05.2022 година, против обвинетиот била укината мерката притвор и е определен куќен притвор сметано од 17.05.2022 година, до правосилност на пресудата односно до отпочнување на издржувањето на казната затвор изречена со пресудата на Основниот кривичен суд Скопје К.бр.830/22 од 17.05.2022 година, како и по повод жалбите изјавени од обвинетиот преку неговиот бранител, оформен е предметот КЖ.бр.607/22 на Апелациониот суд Скопје. Веднаш, односно истиот ден, по прифаќањето на предметот во работа, кој бил доделен по пат на автоматска распределба, судијата известител го доставила предметот до Вишото јавно обвинителство на разгледување и доставување мислење по повод изјавените жалби. Наредниот ден по приемот на писмено изготвениот предлог од Вишото јавно обвинителство, на 08.07.2022 година, судијата закажала јавна седница за 21.07.2022 година. Обвинетиот бил спроведен од куќен притвор, но јавната седница не се одржала бидејќи не бил присутен бранителот на обвинетиот, а за кој немало доказ за уредна покана. Јавната седница била презакажана за ден 11.08.2022 година, но поради немање повторно доказ за уредна покана за бранителот, судијата известител на ден 10.08.2022 година го известил МВР ПС

ОН Аеродром, обвинетиот да не биде спроведен на јавната седница. Сепак на закажаната јавна седница на 11.08.2022 година била присутна адвокат од Скопје која го известила судот дека обвинетиот не се наоѓал во неговиот дом. Бидејќи не биле исполнети законските услови за одржување на јавната седница закажана за 11.08.2022 година , истата била презакажана за 01.09.2022 година. Пред отпочнување на јавната седница на 01.09.2022 година, Претседателот на советот констатирал дека ПС ОН Аеродром со писмено изветување од 15.08.2022 година известува дека при проверка на два пати обвинетиот не е најден на домашна адреса, дека не е достапен на органите на прогонот поради што не се во можност да го спроведат на закажаната јавна седница. Јавната седница се одржала во присуство на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство и бранителот на обвинетиот, а во отсуство на обвинетиот. Донесена е пресуда со која жалбата на обвинетиот е одбиена како неоснована, додека жалбата на Основното јавно обвинителство е уважена и пресудата на Основниот кривичен суд Скопје, К.бр.830/22 од 17.05.2022 година е преиначена во делот на кривичната санкција, па обвинетиот се осудува на казна затвор во траење од 5 години и 6 месеци во која казна му се засметува времето поминато во притвор и куќен притвор до 18.08.2022 година. Исто така определена му е мерка притвор сметано од денот на неговото пронаоѓање до денот на започнувањето на издржување на казната затвор. Имајќи ги во предвид наведеното со оглед дека се работи за судска одлука која била предмет на испитување и оценување од страна на повисокиот суд, Советот утврди дека претставката е неоснована. Од причина што, согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судска одлука може да менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, а согласно чл.11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект.

Претставка **УПП бр.08- 333/1** од 15.09.2022 година. Подносителот во претставката изразува незадоволство од постапувањето на судија од Основниот граѓански суд Скопје, по предметот 9РО-3620/20. Во претставката наведува дека судијата на записник од одржано рочиште на ден 18.04.2022 година, донел решение со кое расправата се закажува за 02.09.2022 година, во 9,15 часот што било усно соопштено на присутните полномошници на тужителот и тужениот. На рочиштетото одржано на ден

02.09.2022 година не се појавил за тужителот никој, уредно поканет, но како полномошникот на тужениот предложил да се констатира повлекување на тужбата и да се донесе формално решение за повлекувањето, како и да се задолжи тужителот на трошоци на постапката. Сепак судијата пред да донесе решение расправата да се одржи констатирала дека рочиштето започнува во 10,15 односно со задоцнување од еден час подоцна од закажаниот термин, поради што нема да бидат изречени последиците предвидени во ЗПП за повлекување, па донела решение, рочиштето за главна расправа да се одложи за 16.02.2023 година. На тој начин судијата постапила незаконито и нестручно спротивно на одредбата од член 280 став 1 од ЗПП и на член 277 став 1 од ЗПП. Советот спроведе извиди во рамките на законските надлежности и прибави изјава од судијата и во истата е наведено дека рочиштето закажано за 02.09.2022 година во 9,15 часот се одржало но со задоцнување од 1 час, односно во 10,15 часот, заради објективно задоцнување на судот, па од тие причини иако тужителот, уредно викан, не пристапил на рочиштетото, а присутниот полномошник на тужениот предложил тужбата да се смета за повлечена согласно член 277 и 280 од ЗПП, не можело и не требало да има таква последица за тужителот која би ја изрекла доколку рочиштето започнало во закажаниот редовен термин. Имајќи ги во предвид наводите изнесени во претставката, Советот утврди дека во конкретниот случај станува збор за слободно судиско уверување во смисла на член 11 од Законот за судовите, каде е уредено дека судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект. Исто така согласно член чл.13 ст.3 од Законот за судовите, судска одлука може да менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Предвид наведеното се одлучи дека наводите во претставка се неосновани.

**9.** Претседателот на Советот Павлина Црвенковска му даде збор на заменик претседателот на Советот **СЕЛИМ АДЕМИ** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека

никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Претставка **УПП.бр.248/1** од 15.06.2022 година поднесена поради незадоволство од незаконито и грубо кршење на одредбите од Законот за парнична постапка, судење во неразумен рок на судии од Основен суд Делчево и Апелационен суд Штип по предметите П3-4/18, ППОВ-2/20 и ГЖ-225/19. Советот констатира дека наводите во претставката се жалбени наводи по кои не е надлежен да постапува од причина што согласно чл.13 ст.3 од истиот закон судска одлука може да се менува или укинува само од надлежен суд во постапка пропишана со закон. По однос на истото подносителот поднел жалба до второстепен суд и пресудите се правосилни. Воедно, изминат е законски утврдениот рок од три години согласно чл.61 ст 1 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија (Сл. весник на Република Северна Македонија бр.102/19) за поведување постапка за утврдување одговорност на судија или претседател на суд која се поведува во рок од шест месеци од денот на осознавање на сторената повреда, но не подоцна од три години од сторување на повредата.

Претставка **УПП.бр.323/1** од 14.09.2022 година во врска со незадоволство од постапување на судија од Основен суд Охрид по предметот МАЛВП-175/21, односно МАЛВП-69/22. Наведува дека судијата при повторното одлучување по предметот не постапил по напатствијата на второстепениот суд и донел иста пресуда како претходната. Предметот се наоѓа во фаза на жалба. Советот најде дека во конкретниот случај наводите во претставката се жалбени наводи по кои не е надлежен да постапува. По однос на истото подносителот повторно поднел жалба до второстепен суд, во конкретниот случај Апелационен суд Битола кој треба да одлучи по истата. Причините поради кои првостепениот суд го одбил тужбеното барање се детално образложени во првостепената пресуда МАЛВП-175/21, како и во пресудата при повторното одлучување МАЛВП-69/22. Судечкиот судија се повикал на одредбите од ЗОО, потточно член 189 ст.2 каде е предвидено дека при одлучувањето за барањето на надомест за нематеријална штета судот ќе води сметка за силината и траењето на повредата со која биле предизвикани физички болки, душевни болки и страв, како и целта за која служи надоместокот, но и за тоа надоместокот

да не е во спротивност со стремежите кои не се спојливи со неговата природа и општествена цел.

Претставка **УПП.бр.334/1** од 15.09.2022 година поради незадоволство несовесно и нестручно постапување на судии при Апелационен суд Гостивар во врска со предметот РОЖ-468/20. Наводите во претставката се жалбени наводи по кои не е надлежен да постапува. По однос на истото подносителот поднел жалба до второстепен суд, во конкретниот случај Апелационен суд Гостивар одлучил по истата. Согласно членот 11 од Законот за судовите судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оценка на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект, а Советот не е надлежен да менува судски одлуки. Согласно чл.13 ст.3 од истиот закон судска одлука може да се менува или укинува само од надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Претставка **УПП.бр.339/1** од 26.09.2022 година во врска со незадоволство од постапување по предметот РО-608/20 на Основен граѓански суд Скопје. Се констатира дека на ден 20.04.2022 година на судечкиот судија му истекла важноста на безбедносниот сертификат, а пред истекот на претходниот веќе било поднесено ново барање за издавање на безбедносен сертификат која постапка сеуште е во тек. Од тие причини одложени се рочиштата закажани за ден 09.05.2022 година и 21.09.2022 година. Советот најде дека судијата и судот навремено поднеле барање за издавање на нов безбедносен сертификат, така што истото не може да се смета за несовесно постапување на судијата и непостапување согласно начелата за судење во разумен рок и економичност на постапката од причина што состојбата не е по вина на судијата.

*Претседателот на Советот **Павлина Црвенковска** упати задолжување до Стручната служба да се достави ургенција до ДБКИ, со образложение дека се одлагаат постапките пред судовите поради ненавремено издавање на нови безбедносни сертификати или продолжување на важноста на истите, како и да се извести за причините поради кои сертификатите не се издадени во предвидениот рок од Законот за класифицирани информации.*

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 7-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 8-та точка од Дневниот ред.

## Точка 8
(Разно)

● По повод 8-та точка од Дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека доставена е покана од страна на Основниот кривичен суд по повод отворање на нова судница.

● По повод следната потточка од Дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека доставено е барање од страна на Академијата за судии и јавни обвинители за остварување на средба со двајца претставници на Судскиот совет со судии од Узбекистан, во периодот 09-10 ноември.

● По повод следната потточка од Дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека судијата Петранка Ташева достави барање за одвоен живот. Истакна дека судијата живее во Скопје, каде ја врши функцијата судија на Апелационен суд, а нејзиното семејство живее во Струмица. Наведе дека кон барањето судијата приложи одлука за избор на судија, фотокопија од лична карта од судијата и нејзиниот сопруг и изјава заверена на нотар дека живее одвоено од своето семејство.

Предложи барањето да се уважи.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесено следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на Петранка Ташева , судија на Апелационен суд Скопје за надомест на трошоци за одвоен живот од семејството СЕ УВАЖУВА.

На Петранка Ташева, судија на Апелационен суд Скопје и се СЕ УТВРДУВА право на надомест на трошоци за одвоен живот од семејството за периодот од 21.10.2022 година, па во иднина додека постојат услови за тоа, во висина регулирана согласно со Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија.

● По повод следната потточка од Дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше за потребата од

дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2022 година. Имено, трошоците за патувањата во Брисел на членовите на Советот кои се задолжени да не претставуваат во рамките на скрининг процесот, мора да се надоместат од страна на Советот.

Бидејќи средствата не се предвидени, предложи Годишниот план за јавни набавки за 2022 година да се дополни.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и откако никој не се јави за збор констатира дека предлогот е усвоен и донесена е следната:

О Д Л У К А

1. Се усвојува дополнението на Годишниот план за јавни набавки на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2022 година.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Составен дел на оваа одлука претставува дополнението на Годишниот план за јавни набавки на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2022 година.

● По повод следната потточка од Дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека Нотарската комора се обрати со барање за номинирање на нови членови од редот на судиите од апелационите судови кои ќе бидат именувани како членови во Второстепениот дисциплински орган, од причина што мандатот на сегашниот Второстепен дисциплински совет истекува.

Предложи да се номинираат следните судии:

- Тања Милева, судија на Апелационен суд Скопје;
- Весна Димитриевска Накова, судија на Апелационен суд Штип;
- Шефајет Хајдари, судија на Апелационен суд Гостивар.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен.

● По повод следната потточка од Дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека членот на Советот Лорета Горгиева достави известување во врска со

номинација на член на Комисија за ревизија при Академија за судии и јавни обвинители, при што е потребно на нејзиното место да се предложи друг член на Комисијата од редот на членовите на Советот.

Го предложи заменик претседателот на Советот Селим Адеми.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен.

Откако повеќе никој од членовите на Советот не се јави за збор претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатираше дека е исцрпен дневниот ред за 418-та седница на Советот и дека истата е завршена во 16:40 часот.

**Напомена:** Тонскиот запис е составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател,
Павлина Црвенковска

**Изработил:** Ален Раденковиќ
**Одобрил**: Весна Толева